ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

“ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

Свети Николе - Р.С.Македонија

Факултет за правни науки

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА:

„ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ КАЈ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА , ЗАЧЕСТЕНОСТ И ВЛИЈАНИЕ НА ЗЛУПОТРЕБИТЕ ВО ДЕЛОВНИТЕ ОДНОСИ НА ТРГОВСКИТЕ СУБЈЕКТИ„

Ментор:

Проф.Д-р Васко Стамевски

Изработил:

Сутинов Грозданчо

Бр. на индекс: М 177013

Свети Николе, 2021 година

ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

“ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

Свети Николе - Р.С.Македонија

Факултет за правни науки

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА:

„ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ КАЈ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА , ЗАЧЕСТЕНОСТ И ВЛИЈАНИЕ НА ЗЛУПОТРЕБИТЕ ВО ДЕЛОВНИТЕ ОДНОСИ НА ТРГОВСКИТЕ СУБЈЕКТИ„

Ментор: Проф.Д-р Васко Стамевски

Студент: Сутинов Грозданчо

Број на индекс: М 177013

Насока: Казнено право

ИЗЈАВА

Изјавувам под полна морална материјална и кривична одговорност дека при изработката на магистерскиот труд ги прочитав позитивните законски прописи од областа на заштита на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди и соодветен стил на цитирање.

Изјавил: Сутинов Грозданчо со број на индекс М177013 студент на постдипломски студии-отсек Казнено Право.

РЕЗИМЕ

Злоупотребата на службената положба и овластување кај правни лица од одговорните лица, зачестеноста и влијанието на злоупотребите во деловните односи на трговските субјекти во било какви околности и никогаш во ниту една држава законски не можат да бидат оправдани. Секојдневната појава на вршење на злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави заради проучување на сузбивање на оваа појава е потребата за секое општество. Искуството во минатото што се однесува на поведените или иницирани кривични постапки кои конкретно се однесуваат на злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми ,видови и појави во кривичната постапка пред судовите во Р.М , Јавното Обвинителство на Р.М и при Министерството за внатрешни работи во соодветна кривична постапка каде што се врши процесирање, испитување и утврдување на решителни факти на одговорните лица во многу држави покажува пречекорување на овластувањата, злоупотреби на одговорните лица и вршење на злоупотреби и други форми на неизвршување на својата законска форма на постапување. За да се заштити општеството од злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави се изработени и спроведени многу кривични постапки за заштита од злоупотреби од одговорните лица кај правните лица . Согласно Кривичниот законик злоупотреба на службената положба и овластување од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави преставува кривично дело и со казна се казнува секој што постапува спротивно на битието на дејствието на кривичното дело. Во Магистерски труд фокусот се става на проучување на злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави и начините на нивно превенирање и конкретно самиот наслов : ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ КАЈ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА , ЗАЧЕСТЕНОСТ И ВЛИЈАНИЕ НА ЗЛОУПОТРЕБИТЕ ВО ДЕЛОВНИТЕ ОДНОСИ НА ТРГОВСКИТЕ СУБЈЕКТИ лесно упатува на правецот на движење на темите во магистерскиот труд: на злоупотребата на службената положба и овластување и начини на вршење на истата, можни сторители кај разни видови правни лица во зависност од видот на трговсскиот субјект дали се работи за јавно претпријатие,ДОО, ДООЕЛ,АД,Јавно командитно друштво,ТП,зачестеност и видови и појави се со цел осознавање на злоупотребите и нивно санкционирање и превенирање или казнување. Од таа причина и изработката на

магистерскиот труд има за цел да ги обработи погоре наведените состојби на ваквите дејствија.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: ЗЛОУПОТРЕБА, ПОЛОЖБА, ОВЛАСТУВАЊЕ, ОДГОВОРНО ЛИЦЕ, СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ, ТРГОВСКИ СУБЈЕКТИ,ЗАШТИТА, ТРГОВСКИ ОДНОСИ

ABSTRACT

The abuse of official position and authority in legal entities by the responsible persons, the frequency and impact of abuses in the business relations of commercial entities in any circumstances and never in any country can be legally justified. The responsible persons of the legal entities in various forms, types and phenomena for the purpose of studying the suppression of this phenomenon is the need for every society. Past experience regarding the initiated or initiated criminal proceedings that specifically refer to abuses by the responsible persons with the legal entities in various forms, types and occurrences in the criminal procedure before the courts in the Republic of Macedonia, the Public Prosecutor's Office of the Republic of Macedonia and at the Ministry of Interior in an appropriate criminal procedure where the processing, examination and determination of decisive facts of the responsible persons in many countries is carried out shows overstepping of authority, abuse of responsible persons and abuses and other forms of non-execution of its legal form of action. In order to protect the society from abuses by the responsible persons with the legal entities in various forms, types and phenomena, many criminal procedures have been prepared and conducted for protection against abuses by the responsible persons with the legal entities. According to the Criminal Code, Abuse of official position and authority by the responsible persons with the legal entities in various forms, types and phenomena constitutes a criminal offense and punishes anyone who acts contrary to the essence of the criminal act.

In the Master's thesis the focus is on the study of abuses by the responsible persons in the legal entities in various forms, types and phenomena and the ways of their prevention and specifically the title: ABUSE OF OFFICIAL POSITION AND AUTHORIZATION INFLUENCE OF ABUSE IN THE BUSINESS RELATIONS OF TRADE ENTITIES so it easily points to the direction of movement of the topics in the master's thesis: the abuse of official position and powers of various persons and powers. whether it is a public enterprise, DOO, DOOEL, AD, Public Limited Company, TA, frequency and types and occurrences are in order to identify abuses and their sanctioning and prevention or punishment. For that reason, the preparation of the master's thesis aims to process the above-mentioned conditions of such actions.

KEY WORDS: ABUSE, POSITION, AUTHORIZATION, RESPONSIBLE PERSON, OFFICIAL, COMMERCIAL ENTITIES, PROTECTION, PROTECTION

Содржина

РЕЗИМЕ-АПСТРАКТ

ГЛАВА 1 - Воведен дел со образложение за актуелноста на проблематиката и дефинирање на проблем со детално теоретско објаснување на општествената оправданост на тезата на овој магистерски труд ---------- 10

1.1.Теоретско преставување на актуелноста на проблемот и дефинирање на проблемот----------10

1.2.Објект на заштита според правната теорија и дефиниција на Злоупотребата 10

1.3.Поим за службено лице по Кривичниот законик на РСМ----------15

1.4.Поим на одговорно лице по Кривичниот законик на РСМ----------16

1.5. Поим за прокура по Законот за Трговските друштва----------22

1.6.Поим за деловен и облигационен однос----------18

1.7.Поим за трговец и поделба----------22

1.8 Елементи на злоупотребата со дефиниција----------23

ГЛАВА 2 -Методологија со образложување на методологијата зошто истата се користи----------28

2.1 Образложување на методологија што е користена----------28

2.2 Набљудување и анализа како методолошки пристап----------29

ГЛАВА 3.Работна хипотеза со теоретско одредување на предметот на која се однесува истражувањето на колкава и какви злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави и начините на нивно превенирање----------30

3.1.Теоретско претставување на работната хипотеза со одредување на предметот на магистерскиот труд----------30

3.2.Поделба на злоупотребите при претставување на работната хипотеза-------31

ГЛАВА 4.Поимно определување на злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица, најразлични форми,видови и појави и начините на нивно превенирање согласно Кривичниот законик на Република С.Македонија, проблемот или појавата што се разработува односно анализира низ теоретска елаборација--------31

4.1 Поимно определување на злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица----------31

4.2-Поделба, форми и видови на злоупотребата како поим----------32

4.3-Повредата на чување на државната граница како форма и вид на злоупотребата----------34

4.4-Неизвршување наредба како форма и вид на злоупотребата----------35

4.5-Несовесно работење во службата како форма и вид на злоупотребата-------36

4.6-Проневера во службата како форма и вид на злоупотребата----------37

4.7-Измама во службата како форма и вид на злоупотребата----------38

4.8-Послужување во службата како форма и вид на злоупотребата----------38

4.9-Примање на поткуп како форма и вид на злоупотребата----------39

4.10-Давање поткуп како форма и вид на злоупотребата----------40

4.11-Давање награда за противзаконско влијание како форма и вид на злоупотребата----------41

4.12-Примање награда за противзаконито влијание како форма и вид на злоупотребата----------42

4.13-Противправно стекнување и прикривање на имот како форма и вид на злоупотребата----------44

4.14-Оддавање на службена тајна како форма и вид на злоупотребата----------45

4.15-Злоупотреба на државна,службена или воена тајна како форма и вид на злоупотребата----------45

4.16-Фалсификување службена исправа како форма и вид на злоупотребата---46

4.17-Противзаконита наплата и исплата како форма и вид на злоупотребата---43

ГЛАВА 5.Дефиниција со конкретни примери за злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави и начините на нивно превенирање споредено со теоретски дел и компаративен преглед со решенија во законодавството со превентивен механизам со анализа на практични и реални случаи----------49

5.1-Пример 1 конкретен пример за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми , видови и појави----------49

5.2 Пример 2 конкретен пример за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави----------51

5.3 Пример 3 конкретен пример за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави----------54

5.4 Пример 4 конкретен пример за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави----------58

5.5 Пример 5 конкретен пример за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави----------61

5.6- Компаративен преглед----------65

5.7-Превентивен механизам----------68

ГЛАВА 6.Осврт врз докази за злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави и начините на нивно превенирање----------71

6.1-Дефиниција за докази----------71

6.2-Поделба на докази----------72

ГЛАВА 7.Анализа на состојбата во Република С.Македонија----------72

7.1-Преставување на состојбата при изработка на магистерскиот труд----------72

ГЛАВА 8.Заклучоци , согледувања и препораки----------73

8.1 Заклучоци----------75

8.2-Согледувања----------77

8.3 Препораки----------83

ГЛАВА 9.Преглед на литература која се користела при изработка на магистерскиот труд----------83

9.1 Преглед на закони кои се користени при изработка на магистерскиот труд-85

9.2 Преглед на закони од други држави----------87

9.3 Интернет извори----------87

1.Воведен дел со образложение за актуелноста на проблематиката и дефинирање на проблем со детално тероретско објаснување на општествената оправданост на тезата на овој магистерски труд .

1.1.Теоретско преставување на актуелноста на проблемот и дефинирање на проблемот

Воведниот дел е дел во кој детално теоретски се објаснува општествената оправданост за потребата од магистерскиот труд заедно со образложение за актуелноста на проблематиката и дефинирање на проблемот со детално теоретско објаснување на општествената оправданост на тезата на магистерски труд .

Конкретните примери со искусени појави во минатото што се однесуваат на поведените или иницирани кривични постапки кои конкретно се однесуваат на злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави во кривичната постапка кои конкретно се однесуваат на Злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави пред судовите во Република Северна Македонија, Јавното Обвинителство на Република Северна Македонија и при Министерството за внатрешни работи во соодветна кривична постапка каде што се врши процесуирање, испитување и утврдување на решителните факти на одговорните лица и вршењето на злупотреба или други форми на неизвршување на својата законска форма на постапување.

За да се заштити општеството од злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави биле изработени и спроведени многу кривични постапки за заштита од злоупотреба од одговорните лица кај правните лица.

Согласно Кривичниот законик, *Злоупотребата на службена положба и овластување од одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави претставува кривично дело и со казна се казнува секој што постапува спротивно на закон и со своите дејствија го исполнуваат битието на кривичното дело на Злоупотреба на службена положба и овластување* [1].

Во магистерскиот труд фокусот се става на проучување на Злоупотребите од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави и начините на нивно превенирање и конкретно како самиот наслов:

„ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ КАЈ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА,ЗАЧЕСТЕНОСТ И ВЛИЈАНИЕ НА ЗЛУПОТРЕБИТЕ ВО ДЕЛОВНИТЕ ОДНОСИ НА ТРГОВСКИТЕ СУБЈЕКТИ„ и лесно упатува на правецот на движење на темите во магистерскиот труд:

На злоупотреба на службената положба и овластување и начините на вршење на истата, можни сторители кај различни видови на правни лица во зависност од видот на трговскиот субјект дали се работи за јавно претпријатие, Друштво со ограничена одговорност (ДОО), Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ), Акционерско друштво (АД), командитно друштво (КД), Трговец поединец (ТП) [2] , зачестеност и видови, појави се со цел осознавање на злоупотребите и нивно санкционирање, превенирање и казнување.

Од таа причина и магистерски труд има за задача да ги обработи погоре наведените состојби и ваквите дејствија.

Актуелноста на проблематиката се појавува од секојдневната присутност во „Злупотребата„ од најразлични видови и појави во секојдневниот живот, влијанието на злоупотребата на нормалниот живот и врз трговските односи соопштувана преку јавните гласила, телевизиите, печатените и електронските гласила како медиум .

Сите сме сведоци дека билтените на Министерството за внатрешни работи изобилуваат со секојдневни поднесени кривични пријави против лица кои се одговорни лица, службени лица во јавни, приватни или државни друштва кои со превземања на определени дејствија ја злоупотребиле својата службена положба и овластување и со тие дејствија присвоиле противправна имотна корист или на правното лице или пак на трети лица им предизвикале штета .

-[1] Злоупотреба на службена положба или овластување види член 353 од Кривичен Законик на РСМ објавен во Сл.Весник на Р.С.М 150/2010, 100/12, 142/2016 , 193/2016 198/2018,

- [2] За поимите трговски субјект види член 4,5,6,7,8,9 и 10 од ЗТД , За поимот Друштво со ограничена одговорност (ДОО) и Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) види од член 166 до 269 , За поимот Акционерско друштво (АД) види од член 270 до 419 од ЗТД За поимот Командитно друштво (КД), види од член 148 до 165 од ЗТД,За поимот Трговец поединец (ТП) види член 12 до 18-а од ЗТД, објавен во Сл.Весник на Р.С.М под број 28/2004 ....290/2020 ;

- [2] За поимот Јавно претпријатие види одредби од Законот за јавните претпријатија објавен во Службен Весник на РСМ под број 38/1996; ....275/2019),

Значи актуелноста е токму огромната појава и галопирачко појавување на Злоупотреби во општеството и дерогирање на трговските односи кое и те како влијае и на економијата и на секојдневниот живот, а со тоа влијае и на трговските односи на начин што истите ги уништува да не се базираат на законитост и чесност, туку трговските односи да се базираат на злоупотреба и измама.

Токму секојдневната присутност на Злоупотребата ја објаснува и заинтересираноста за разработка на актуелноста на оваа појава како проблем со кој се соочуваат сите правни лица во рамките на секојдневното работење.

Тргнувајќи од воведот на овој магистерски труд за да се разбере ,,злоупотребата,, на службенета положба и овластување, ќе се тргне од фонетичкото значење на зборот ,,ЗЛОУПОТРЕБА,,

Видно од самиот збор ,,ЗЛОУПОТРЕБА,, истиот е составен од два збора меѓусебно поврзани и тоа ,,ЗЛО,, и ,,УПОТРЕБА,,па така тргнувајќи фонетичкото значење на изразот кој го карактеризира ова како дејствие или дело е :

,,ЗЛО,, = ЛОШО, НЕПРИМЕРНО,ЗАБРАНЕТО

,,УПОТРЕБА,, = КОРИСТЕЊЕ, ПРИМЕНА, ДЕЈАНИЕ, ДЕЈСТВИЕ

Ни ја кажува точната насока што значи ,,ЗЛОУПОТРЕБАТА,, ,.***а тоа е лошото или забранетото користење или примената на службената положба на одговорните лица кај правните лица***, но за да се прејудуцира, ќе се користи точно дефиниран израз и ќе се употреби дефиницијата за тоа што се смета за ,,Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 од Кривичниот Законик на Р.М во кој е определено дека ,,Злоупотреба на службена положба и овластување преставувало Дејствие или дејствување со кое едно или повеќе лица кое или кој со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизршување на својата службена должност ќе прибават за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесат штета“. [4]

---

[4] За поимот Злоупотреба на службена положба или овластување види член 353 од Кривичен Законик на РСМ објавен во Сл.Весник на Р.С.М 150/2010, 100/12, 142/2016 , 193/2016 198/2018,Види Казнено Право посебен дел од Проф.Д-р Владо Камбовски 1997 стр. 489 до 498, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески 2020 ,

Значи од законското битие на кривичното дело под член 353 од Кривичниот законик на Р.С.М се доаѓа и до самата дефиниција што преставува Злоупотреба на службена положба и овластување како формална смисла така и во материјална смисла на зборот .

Па така се доаѓа и до општествена оправданост на магистерскиот труд за да се посочи влијанието на Злоупотреба на службена положба и овластување во општеството, а со тоа и на Злоупотреба на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица, зачестеноста и влијанието на злоупотребите во деловните односи на трговските субјекти .

1.2.Објект на заштита според правната теорија и дефиниција на Злоупотребата

Според Проф. д-р Владо Камбовски презентирано во Посебниот дел се заклучува дека од правната наука се согледува дека кај кривичните дела објект на заштита кај кривичните дела против службената положба имало две струи. [5]

Во првата струја, која се сметала за класичен традиционален концепт против службената положба и овластување, објект на заштита преставува форма на напад врз тесните државни интереси за неприкосновеноста на овластувањата на државните службеници и во зависноста од степенот на ,,демократија,, во одредена држава ќе зависи дали и колку во кругот на заштита ќе влезат и некои други интереси и во зависност од тоа се јавува разлика кај казнените законодавства .

По првата теорија кај современите законодавства објект на заштита се јавува кај јавните функции, нивното непречено и правилно вршење и во зависност од каков вид на казнено законодавство има, државата ќе зависи дали кривичните дела против службената положба и овластување ќе бидат содржани во една или повеќе глави при што посебен ентитет останува дали кривичните дела против службената положба и овластување ќе бидат во една казнена одредба или повеќе казнени одредби.

Од тоа се издвојувал поимот ,, на службена положба ,, кој имплицирал реакција на подреденост ,, должност спрема некого“ па според традиционалниот концепт или теорија тоа се смета како обврска спрема државата, спрема службата поврзано со потребата од ограничување на овластувањата на носителите на функциите на власт и тоа ограничување да било ставено во цврста рамка за да бил остварен принципот на

владеење на правото и да бил спречен дуализмот на власта преку издвојување на посебниот бирократски слој од носителите на власта.

Како основа на инкриминации по овој традиционален концепт помеѓу една страна остварување на принципот на владеење на правото и остварување на власта и од друга страна помеѓу владеачката структура и нејзината бирократија.

Практично преставено тоа би било како од една страна да биде носителот на јавни овластувања, како дел од структурата на власт, а од другата страна да била правната држава со релација изразена како пречекорување на овластувањата, јакнење и осамостојување на целиот административен апарат.

Па поради тоа службената должност подразбира точно уредно исполнување на службените овластувања во онаа смисла, во која таквото вршење на овие овластувања е неопходен елемент за правилно функционирање на правната држава, па примарен објект на заштита преставува интересот на законито, совесно и правилно исполнување на службените, јавните и други овластувања.

Клучен елемент претставува односот на довербата која произлегува од одговорно исполнување и извршување на службените и други должности во единствениот систем на одговорност на носителите на јавни функции.

Законитоста на постапувањето во овој концепт има битно значење во постапувањето на носителите на службени и на јавни овластувања и тоа како обврска е толку големо што практично не би било возможно да биде исцрпено низ неколкуте инкриминации во казненото право и од другата страна целокупната општествена активност за сузбивање на различните концепции на злоупотреба на овие овластувања не е канализирана исклучиво низ казненото право.

---

[5] За поимот Злоупотреба на службена положба или овластување види член 353 од Кривичен Законик на РСМ објавен во Сл.Весник на Р.С.М 150/2010, 100/12, 142/2016 , 193/2016 198/2018,Види Казнено Право посебен дел од Проф.Д-р Владо Камбовски 1997 стр. 489 до 498, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески 2020 ,

Како дефиниција на овој традиционален концепт злоупотребата би била дефинирана како активност за сузбивање на различни девијантни појави во вршењето на власта како што биле материјалните и други злоупотреби на овластувањата на штета на поединачните и општествени интереси и развивање на најразлични форми на надзор и контрола од страна на граѓаните и јавноста.

За да се разбере Злоупотребата со сите нејзини елементи, ќе мора да се објасни и што се се подразбира под правно лице, што се подразбира под одговорно лице , што е деловен однос, што е трговски субјект. Нема да се импровизира, ќе се оди редоследно и за дефиниции и определби ќе се земе законските дефиниции за секој поединачен елемент па така :

1.3.Поим за службено лице по Кривичниот законик на РСМ

За да се разбере што е службено лице,а што одговорно лице, мора да се погледне законската одредба од член 122 ст.4 и ст.7 од КЗ на Р.С.М во која е определено дека како службено лице се смета: Претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други преставници на Република Македонија, поставените амбасадори и други преставници на Република Македонија во странство и именувани лица од Претседателот на Република Македонија, избрани или именувани функционери во и од Собранието на на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, јавното обвинителство, Судскиот Совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на на Републиката, во единиците на локалната самоуправа како и оние кои постојано или повремено вршат службена должност во овие организации. [6]

Потоа во групата на службени лица се сметаааат и државни службеници кои вршет стручни, нормативно правни, извршни, надзорни и управни работи во согласност со уставот и со закон, овластени лица во правно лице кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања како и овластено лице за застапување на здруженија, фондаци и сојузи и организациони форми на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот, потоа лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со

закон или со други прописи донесени врз основа на закон, воено лице кога се во прашање кривични дела кај кои како извршител е означено службено лице и претставник на странска држава или меѓународна организација во Република Македонија. [6]

Исто така како службено лице се смета дека е и странско службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело, се смета лице кое е во странска држава, меѓународна организација или јавна институција врши некоја од функциите или должностите определени и наведени. [6]

1.4.Поим на одговорно лице по Кривичниот законик на РСМ

За да се осознае што преставува одговорно лице, ќе се земе одредбата од член 122 ст.7 од КЗ на Р.С.М во која било определено дека: Како одговорно лице во правно лице се смета лице на кое со оглед на неговата функција или врз посебно овластување на правното лице му било доверено определен круг на работи што се однесуваат на извршување на законските прописи или на прописите донесени врз основа на закон или општ акт на правното лице во управувањето, користењето и располагањето со имот, раководењето со производниот или деловниот потфат, некои други стопански процеси или надзорот над нив. Како одговорно лице се смета службеното лице кога се во прашање дела кај кои како сторител означено од одговорното лице, а не се предвидени во главата за кривичните дела против службената должност, односно како кривични дела на службеното лице предвидени во некоја друга глава на овој законик. Исто така, ако е посебно предвидено со закон, како одговорно лице се смета и лицето кое врши посебна функција и овластување или на кое му било доверено самостојно вршење на определени работи во странско правно лице, како и лицето кое е претставник на странско правно лице во Република Македонија. [7]

---

[6] За поимот одговорно лице , службено лице види член 122 ст.4 и ст.7 од КЗ на Р.С.М објавен во Сл.Весник на Р.С.М 150/2010, 100/12, 142/2016 , 193/2016 198/2018,Види Казнено Право посебен дел од Проф.Д-р Владо Камбовски 1997 стр. 489 до 498, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески 2020 ,

[7] Види закон за административни службеници објавен во Службен Весник на РСМ под број 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018; 275/2019; 14/2020)

Бидејќи темата на магистерскиот труд е влијанието на Злоупотребата на службената положба во деловните односи, неминовно е да се земе предвид што се поздразбира како одговорно лице и по законот за трговските друштва кој е и суштински поврзан со поимот службено и одговорно лице, па така согласно членот 3 точка 33, 34 и 35 од Законот за трговските друштва одговорното лице било определено и означено како содружникот-одговорно лице во јавното трговско друштво, овластен да управува и да го застапува друштвото, ако управувањето не е доверено на трето лице (управител); [8]

Во командитното друштво и во командитното друштво со акции, тоа како одговорно лице би бил комплементарот, ако управувањето не било доверено на трето лице (управител); [9]

Во друштвото со ограничена одговорност одговорно лице би биле управителот, односно управителите, член на надзорниот одбор, односно контролорот и во акционерското друштво одговорно лице се член на надзорниот одбор и раководните лица во трговските друштва. [10]

Органот на управување како "орган" во акционерското друштво кому му е доверено управувањето на друштвото како на одбор на директори во едностепен систем на управување, на управен одбор или на управител во двостепен систем на управување, односно на управител, односно управители или органот во кој што тие се организирани во командитно друштво, во командитно друштво со акции и во друштво со ограничена одговорност, исто така се сметаат за одговорни лица .

Органот за надзор во органот во друштвото со ограничена одговорност, односно акционерското друштво (надзорен одбор или контролор) чии овластувања се поврзани со надзорот на работењето на друштвото, а особено со работата на органите на управување, исто така преставувале одговорни лица ;

Исто така по членот 65 од ЗТД на Р.С.М било утврдено дека како одговорни лица се сметале и застапник по закон на трговското друштво кое било физичкото лице кое што со одредбите на законот било определено да ја застапува одделна форма на друштвото. Именувањето, престанувањето на мандатот и податоците за застапник по закон, како ограничувањата на неговите овластувања како одговорно лице спрема

трети лица се запишувале во трговскиот регистар и со тоа истото го добивало својството на одговорно лице . [11]

Карактеристика за овие одговорни лица било дека при уписот на застапникот по закон во трговскиот регистар се приложувало потпис заверен со личен електронски потпис, или со потпис на регистрационен агент, а пак кај странските лица можело да приложат потпис заверен кај надлежниот орган за во земјата чии државјани биле. Пропуштањето во постапката или која било нерегуларност при давање на овластување за застапување или при објавувањето податокот кој што се однесува на застапникот по закон, не може да се употреби против трети лица освен ако трговското друштво докаже дека третите лица знаеле за тоа. Одговорното лице како застапник по закон не можело, без посебно овластување на трговското друштво, да настапува како договорна страна и со друштвото да склучува договори од свое име и за своја сметка, во свое име, а за сметка на други лица или во име и сметка на други лица. Ова како состојба е многу важна карактеристика која има влијание дали определено дејствие на одговорното лице се смета како злоупотреба или не.

Како одговорно лице застапник по полномошно било застапникот на трговското друштво кој дал полномошно на друго лице и полномошното морало да се даде во границите на овластувањата што се запишани во трговскиот регистар, во спротивно тоа претставувало злоупотреба на службена положба и овластување. Овластувањето на полномошникот требало да биде изразено преку полномошно кое се давало во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи, освен ако со ЗТД поинаку не било определено.

Како одговорно лице се сметало лице кое било вработено во трговско друштво кое вршело работи кои што според редовниот тек на работата, вклучувале и склучување определени договори, односно превземање определени правни работи, кое било овластено како полномошник на друштвото да склучува и такви договори и да превзема правни дејствија во рамките на работите што ги врши. [12]

[8,9,20,11,12] За поимот одговорно лице , види член 33, 34 и 35 , 64, 65 од ЗТД на Р.С.М објавен под број 28/2004, ... 290/2020 ; За поимот полномошно и овластување види Закон за облигациони односи објавен во Сл.Весник на Р.С.М 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 ,23/2013, 123/2013 ;

1.5. Поим за прокура по Законот за Трговските Друштва

За определување на поимот на одговорно лице како прокурист, мора да се согледа што е прокура. Прокурата била регулирана во член 68 од ЗТД и била означена како трговско полномошно чија што содржина и обем биле определени со законот за трговските друштва. Прокурата можела да се даде на лице кое според законот за трговските друштва се сметало дека е трговец. Прокурата се давала на начин определен со изјавата за основање на трговското друштво од едно лице, со договорот за друштвото, односно статутот. [13]

Прокурата секогаш се давала во писмена форма и по законот за трговски друштва прокуристот и прокурата биле определи дека може да се дадат на секое деловно способно физичко лице, без разлика на должноста и работите што ги вршело, освен ако со изјавата за основање на друштвото од едно лице, со договорот за друштвото, односно со статутот, поинаку не било определено.Прокурата можела да се даде на правно лице.Односите меѓу трговското друштво и прокуристот, како и наградувањето, се уредувале со договор. [14]

Правната наука и теорија разликувале и познавале поединечна и групна прокура. Па така прокурата можело да се даде на едно физичко лице (поединечна прокура), или на две или повеќе физички лица заедно (групна прокура). Ако прокурата била дадена на две или повеќе физички лица , секое од тие лица е прокурист кој самостојно го застапувало трговското друштво во рамките на овластувањата определени со овој закон. Прокурата дадена на две или повеќе лица се сметала за групна прокура само ако тоа било изречно назначено во прокурата. Во случај на групна прокура, правните работи и дејствија биле полноважни ако биле сторени од сите прокуристи заедно, односно ако биле согласни сите прокуристи. Правните работи и дејствија кои што ќе ги сторел еден од прокуристите се сметале дека се полноважни ако другите прокуристи за нив дале изречна согласност или ако другите прокуристи дополнително дале согласност. Изјавата на волја или правна работа и дејствие направена до еден од прокуристите се сметало дека е направена од сите прокуристи. [15]

Во случај на групна прокура, знаењето на правно битните факти или вината на еден од прокуристите предизвикуваат правно дејство за давателот на прокурата, без оглед на тоа дали тоа го знаел или дали се виновни другите прокуристи.

Обем и овластувањата од прокурата произлегувало од самиот Договор за прокура врз основа на кој ќе било определено дали прокуристот можел да ги склучува сите договори и да ги врши сите други правни работи и дејствија во име и за сметка на трговското друштво во рамките на предметот на работењето на друштвото, да го управува претпријатието на давателот, а прокурата и да го застапува друштвото во постапките пред управните и другите државни органи, организациите и установите со јавни овластувања и судовите.

Од законските дефиниции се воочува дека Прокуристот не можел да ги оттуѓува и оптоварува недвижностите на трговското друштво и не можел да дава изјави, ниту да склучува правни работи, односно да превзема правни дејствија со кои што ќе била започната стечајна или друга постапка со која можело да дојде до престанување на друштвото. Исто така прокуристот не можел да дава полномошно за склучување на договори или други правни работи на друго лице. [16]

Од законските одредби со кој е регулирана прокурата може да се заклучи дека законодавецот определил што преставува злоупотреба на службена положба и овластување и кои се можат да бидат сторители и што претставува објект на правна заштита и по кој концепт се регулира Злоупотребата на службената положба и овластување.

Од одредбите од ЗТД јасно можело да се заклучи дека по дефиницијата одговорните лица може да се поделат по кривично правна област и одговорни лица по граѓанско правна област, но бидејќи, без оглед како биле дефинирани и едните и другите, сите стапувале во деловните односи како одговорни лица без оглед дали се во трговски субјекти како приватна сопственост или како трговски субјекти во државна, општинска или мешовита сопственост.

Па така карактеристично е да се каже и напомене дека по кривично правна смисла и дефиниција како одговорни лица се вклучуваат сите одговорни лица од државни органи што ги познава државата и одговорни лица во приватни субјекти, додека во граѓанска правна област како одговорни лица биле земени во предвид само лицата на кои се однесува законот за трговските друштва во оваа држава.

Бидејќи ЗТД одговорните лица ги дефинирал и определувал најчесто во приватните субјекти или мешовитите субјекти, а ретко или никогаш во субјектите кои

се во државна или мешовита сопственост, па во поглед на тоа нивните права и обврски најчесто се опфатени во самиот закон за трговските друштва како основен и дополнително во друг материјален закон зависно во областа на која делувал трговскиот субјект каде и се наведуваат правата и обврските на одговорните лица по закон кој ја дефинира и определува конкретната област со што однапред биле познати и правата и обврските на одговорните лица гледано како одговорни лица и во кривично правна гледна точка и од граѓанско правна гледна точка. Карактеристично и вредно да се напомене е фактот дека гледајќи од кривично правен аспект одговорните лица во државните органи или органите на локалната самоуправа или општо на државната или локалната администрација се лица кои биле избрани и на избори, па така нивна обврска била да се почитуваат правата и обврските кога стапуваат во трговски односи. Гледајќи ги начините како овие лица стапувале во трговски односи, а тоа преку јавни набавки или преку директни набавки може слободно да се каже дека стапувањето во трговски односи со овие трговски субјекти било строго контролирано преку јавните набавки, но гледајќи ги реалните состојби може да се заклучи дека одговорните лица во тие државни органи како трговски субјекти многу добро ги познавале начините како „легално„ без „злоупотреби„ да стапат во деловни односи со останати трговски субјекти. За да се разбере подобро во делот за полномошници и прокуристи кои како одговорни лица се јавуваат како полномошници на правните лица или прокуристите на правните лица или пак на одговорните лица, па така обврската за почитување на стапување во деловните односи се однесувала и за нив, без оглед што истите не се во директна поставеност кај правните лица гледано и од кривично правна смисла и во граѓанско правна смисла. Редно е да се напомене дека прокурист кај државните органи како лице не е познато, а полномошник како можност и институт многу слабо се применува пред се поради ограничувањата што произлегуваат од самите закони со кои се избираат или поставуваат овие одговорни лица и прокурист и полномошник најчесто се карактеристични за трговските субјекти кои произлегуваат од законот за трговските друштва.

[13,14,15,16] За поимот Застапник по закон ,Застапник по полномошно , Полномошник по вработување , прокура,Поединечна и групна прокура,Обем на овластувањата од прокурата види член 66,67,68,69,70 и 71 од ЗТД објавен во Сл.Весник под број 28/2004, ... 290/2020, За поимот Административен службеник види одредби од законот за Административни службеници под број 27/2014 .... 14/2020)

Во насока на погоре кажаното објаснувајќи што претставува злоупотреба, што е одговорно лице како во кривично правна смисла така и во граѓанско правна смисла, за да се разбере темата, мора да се разбере што се тоа деловни односи и што се тоа трговски субјекти за да има целина.

1.6.Поим за деловен и облигационен однос

Строга дефиница за тоа што претставува ,,деловен однос,, [17] скоро и да нема, но деловните односи најблиско се со облигационите односи па така гледајќи од облигациона гледна точка ,,Облигационен однос,, [18] бил разработен во законот за облигациони односи и бил определен како: Однос помеѓу две или повеќе деловно и правно способни правни или физички лица со кои истите стапуваат во меѓусебни облигациони односи, договорните и други облигациони односи во прометот на стоки и услуги. Ако облигациониот однос бил поширок и за истиот биле карактеристични фактите дека се однесуваат за облигациони односи, договорните и други односи во прометот на стоки и услуги, за деловните односи е карактеристично дека деловните односи се однесуваат исклучиво за прометот на стоки и услуги за определен надомест или услуга и оттука и во овој магистерски труд се задржани само деловните односи поврзани со прометот на стоки и услуги.

1.7.Поим за трговец и поделба

Па така за да се разберат деловните односи помеѓу трговците, ќе мора да се знае што се подразбира по ТРГОВЕЦ и какви се видови има на трговци и нивна поделба согласно ЗТД. Па така трговец според формата биле Трговските друштва определени со законот за трговски друштва и се трговци според формата (Трговец Поединец, ДОО,ДООЕЛ, АД итн...) . Трговец според природата и обемот на дејноста во смисла на ЗТД се сметало секое лице кое во вид на занимање води претпријатие кое што според природата и обемот на дејноста бара да биде организирано и водено на начин на кој што се водат трговските дејности и под услов фирмата да е запишана во трговскиот регистар. [19]

[17,18,19] За поимот Облигационен и деловен однос види одредби од Закон за облигациони односи објавен во Сл.Весник на Р.С.М 18/2001, 4... 123/2013 ;Гале Галев , Јадранка Дабовиќ Анастасовска Облигационо Право Иво Пухан Коментар на Законот за облигационите односи 1978

Ова правило се применувало и во областа на земјоделството и шумарството само во поглед на претпријатијата за обработување или преработување на сопствени земјоделски или шумски производи.

Законодавецот предвидел дека ,,Ако фирмата била запишана во трговскиот регистар, не можело да се истакнува дека претпријатието што се води под таа фирма не било трговско“.

Како физички лица кои не се сметале за трговци, биле физички лица кои вршеле земјоделска и шумска дејност (индивидуални земјоделци), освен ако нивната дејност можела да се води како претпријатие, во смисла на членот 4 став 1 од ЗТД, занаетчиите и физичките лица кои вршеле јавни услуги, освен ако нивната дејност можела да се определи како претпријатие, во смисла на членот 4 став (1) од ЗТД, физичките лица кои вршеле угостителски услуги со издавање соби во своите живеалишта. Физичките лица кои се занимавале со слободни занимања (адвокати, нотари,лекари и други) не се сметале за трговци во смисла на закон трговски друштва. [20]

За да се разбере што е трговец и како истиот се регулира, мора да се знае дека во определи случаеви за обврските на трговецот се применуваат и на лица кои вршат трговска дејност и покрај тоа што, според прописите за нејзиното вршење, не им е дозволено да ја вршат неа или не ги исполнуваат определените услови за нејзиното вршење.

1.8 Елементи на злоупотребата со дефиниција

За да разбереме подобро што е суштината на злоупотребата на одговорните лица кај правните лица, мора да се каже дека сите трговци се правни лица и основани се како правни лица имаат свои обележја, имаат свој печат, седиште и најбитно од се имаат свое одговорно лице, може да е едно, но може да се и повеќе лица во зависност од видот на правното лице, односно од самиот трговец .

---

[20] За поимот Трговец види член 5, 6, 7, 8 и 9 од ЗТД на Р.С.М објавен во Сл.Весник 28/2004, ... 290/2020 ;види одредби од Закон за облигациони односи објавен во Сл.Весник на Р.С.М 18/2001, 4... 123/2013 ;Види Гале Галев , Јадранка Дабовиќ Анастасовска Облигационо Право, види Иво Пухан Коментар на Законот за облигационите односи 1978, Види Право на друштва Д-р Милан Недков , д-р Тито Беличанец, д-р Елена Градишки-Лазаревска, Правен факултет, "Јустинијан Први"

Граѓаните на оваа држава секојдневно се соочуваат со голем број на секојдневни ситуации и можат да бидат злоупотребени од било кое одговорно лице во правно лице кое одговорно лице постапувајќи или непостапувајќи во рамките на своите законски и службени овластувања може да предизвика штета на сите како корисници или пак директно засегнати од негово постапување.

За да се разбере злоупотребата на службената положба и овластување мора да се знаат нејзинити елементи, а од каде ќе се разберат нејзинити елементи, ако не од законската дефиниција на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ на Р.С.М па така:

Службено или одговорно лице кој со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност, ќе прибават за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесат штета; [1 и 21]

Па од ова може да се забележи дека злоупотребата има свои елементи и тоа:

-Злоупотребата мора да биде направена од службено или одговорно лице;

-Злоупотребата може да биде направена со противправно дејствие со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност или просто кажано со сторување или со несторување.

Со злоупотребата мора да има прибавување за себе или за друг некаква корист или на друг да му нанесе штета;

Значи непостоењето или отсуството на некој од погоре наведените елементи укажува дека нема Злоупотреба во конкретнава ситуација и ова го кажувам за да биде правилно разбрана Злоупотребата како поим.

Во Злоупотребата како дејствие битно за споменување е дека законодавецот дал посебно внимание од одговорни лица во странско правно лице што има претставништво или врши дејсност во Р.С.М или лице што врши дејности од јавен интерес. Во рамките на вршење на неговото посебно овластување или должност како посебно внимание е ставено, ако злоупотребата е направена при вршењето на јавни

набавки или на штета на средствата на Буџетот на Република Македонија од јавните фондови или од други средства на државата.

За да се дојде до поентата зошто овие елементи каде што законодавецот дал посебно внимание на погоре напомнатите елементи и какво влијание тие имаат во деловните односи на трговските субјекти, е токму фактот што овие злоупотреби имаа големо влијание во трговските односи, а пред се фактот што тие се одразуваат мултиплицирано врз целокупните трговски односи особено врз голем број на луѓе.

Тоа покажува како злоупотребата е претставена од сегашната законодавна состојба и од Кривичниот законик, но правилно осознавање ќе се претстави со тоа што преставува злоупотребата и од теоретска гледна точка .

Од дефинициите поврзани со Злоупотребата на службената положба и овластување се издвојува дека:

Кривичните дела против службената должност уште се нарекувале службени или службенички кривични дела [22]

Затоа што биле насочени против службената положба и овластување и затоа што овие дела се вршеле во вршењето на службената положба или должност, со злоупотреба на службените и јавни овластувања, со превземање противправни дејствија во кругот на овластувањата или со искористување на самата службена положба за превземање на дејствија што инаку не влегуваат во кругот на службените овластувања.

Од карактеристиките издвојуваме дека прво наведените службени кривични дела кои биле насочени против службената положба и овластување, не би постоеле кога службеното лице би се држело до границите на овластувањата, а вторите кои се вршат во вршењето на службената положба или должност, со злоупотреба на службените и јавни овластувања со превземање противправни дејствија во кругот на овластувањата или со искористување на самата службена положба за превземање на дејствија што инаку не влегуваат во кругот на службените овластувања кои исто така не би постоеле, ако не ги превземат дејствијата на злоуптребите од страна на службените лица. И во двете концепции сторител или извршител се јавува службено лице.

Самиот поим на службено лице со службена должност како објект на заштита е поврзан со определена позиција на лицата што се носители на таа должност. Се појавува една дефиниција во правната теорија дека службеното кривично дело може да се дефинира според тоа што е насочено против службената должност од страна на службеното лице.

Како дефиниција за тоа што претставува службена должност, нема фиксна определба во закон и ова е поврзано за тоа во каква положба е службеното лице и во која област работи дали се тоа државна служба, јавна општинска, приватна и поради тоа теоријата разликува:

-Прави службени кривични дела;

-Неправи службени кривични дела;

Прави службени кривични дела се дела кои што се насочени исклучиво против службената должност како објект на заштита и се вршат од страна на службени лица и во ова група спаѓаат скоро сите кривични дела што се вршат од страна на службените лица.

Карактеристично е дека во овие прави службени кривични дела влегуваат во редот дела со специјален субјект со латински назив (Delicta Propria) .

Во групата на неправи службени кривични дела се општи кривични дела што добиваат потежок квалифициран вид, ако се извршени од страна на службено лице кое има посебна квалификација како службено лице, а на кое посебно својство на службеното лице му дава посебно квалификаторно својство на злоупотребата на службената положба.

Посебно да споменеме уште една битна ситуација според која објект на напад за кривичните дела според службената положба можат да бидат поделени на општи и посебни дела против службената положба и овластување. Во групата на општи дела против службената положба и овластување се оние кои што се вршат во вршењето на било која службена должност од страна на било кое службено лице, додека посебните се оние кривични дела што се вршат во вршењето на определени службени лица и служби. [23]

Мора да се спомене за другите карактеристики на кривичните дела поврзани со злоупотребата на службената положба и овластување, а тоа се извршителот на делото и субјективниот елемент на противправноста на извршиотелот на делото.

Според нашето законодавство, а и според правната теорија како извршители на Злоупотребата на службената положба и овластување се јавува службеното лице и одговорното лице.

За поимот на службеното и одговорно лице се земаат облежјата на овие функции согласно Кривичниот законик. [24]

Во поглед на субјективната страна се појавуваат дела кои што се сторени со умисла и со небрежност.

Посебниот субјективен елемент на противправноста кај повеќе дека е намерата на прибавување на противправна имотна корист или нанесување на штета на друг.

Овој елемент дава и преставува критерим за разликување на службените дела од дисциплинските повреди на службената положба и критериум за разграничување на овие дела од други општи кривични дела.

Во овој воведен дел теоретски се претставува оправданоста на магистерскиот труд преку соодветно претставување на влијанието на Злоупотребите на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица, зачестеноста и влијанието на злоупотребите во деловните односи на трговските субјекти се со цел да се направи поблиска за разбирање. Теоретската споредба е во насока на проучување на Злоупотребата како појава како секојдневна присутност во трговските спорови.

[1,21,22,23,24] За поделба и класификација на Злоупотребата види Кривично право–посебен дел В.Камбовски стр. 489 до 498, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески 2020 ,За поимот Злоупотреба на службена положба или овластување види член 353 од Кривичен Законик на РСМ објавен во Сл.Весник на Р.С.М 150/2010, 100/12, 142/2016 , 193/2016 198/2018, види Тодор Витларов Кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ во судската практика;

2)Методологија со образложување на методологијата зошто истата се користи !

2.1 Образложување на методологија што е користена

Методологија која е употребувана при изработка на магистерски труд со главната хипотеза на истражувањето која се однесува на колкава и какви се злоупотребите од страна на одговорните лица кај правните лица има за цел преку директно и непосредно согледување и осознавање да се доловат, утврдат и пронајдат злоупотребите на службените положби на одговорните лица преку најразични форми, видови, појави !!!

Па оттука методологија исклучиво ќе се базира врз проучување на конкретни примери за Злоупотреба преку анализа и набљудување на учесниците во тие Злоупотреби со конкретни методолошки споредби на тие примери како основа за изработка магистерски труд.

Користени се статистички и историски сознанија преку вистински реални настани, луѓе и случки за да се направи комплетна анализа за злоупотребите на одговорните лица, за да се пронајдат начините на нивно превенирање, се со цел да се види влијанието врз деловните односи и да се согледа јавната свест кај граѓаните за злоупотребите и нивно санкционирање и влијанието на сторителите во трговските и деловните односи како во заштитата на лицата од злоупотребите во сите форми, постапување и казнување на злоупотребите, така и поврзано со заштитата кој им се дава на лицата кој што вршат злоупотреби со со цел да поминат неказнето за злоупотребите кои ги имаат правено.

Постапувањето и казнувањето на злоупотребите е посебна приказна, има голема разлика во постапувањето во постапките кои се однесуваат за обични нормални постапки за злоупотреби на одговорните лица како со оние кои се однесуваат за постапки спрема високи функционери произлезени од политички партии или странски делегации и за тоа и овие појави беа поврзани на согледување. Злоупотребата за да ја осознаеш, мора да ја познаваш или препознаваш и прецизно да ја анализараш, набљудуваш и поврзуваш.

Методологијата беше поставена во рамките на темата на магистерскиот труд и преку конкретните примери и секојдневни појави со анализа на докази и тези е обидено да се престави темата на ова магистерска работа;

Методолошки преку набљудување се споредувани појавите со теоријата за злоупотребите.

Кај некои Злоупотреби постојат тесно поврзани елементи со теоријата и праксата, а кај некои се јавуваат разлики во поглед на пропратните елементи на злоупотребите.

Затоа од методошка гледна страна најбитно е да се утврдува преку методологијата дали на таков начин како што е дејствието се предизвикува штета или се стекнува со противправна имотна корист и што ќе се случи ако не се превземе дејствието кое се смета за злоупотреба. Тоа претставува елемент на контрола за да се запознае дали дејствието е злоупотреба на службена положба или не.

2.2 Набљудување и анализа како методолошки пристап

Злоупотребата како појава и како кривично дело е многу специфична појава. Специфичноста се појавува преку променување и надоградување на Злоуотребата во секоја смисла на зборот. Ако определено дејствие не се карактеризира како злоупотреба од страна на овластените или одговорните или службените лица, тоа исто дејствие се злоупотребува со цел да се оствари определена лична корист или да се предзивика штета на друг па се изнаоѓаат состојби и сиутуации да се оствари противправна имотна корист.

Токму таквиот пристап на овластените или одговорните или службените лица допринесува тоа исто дејствие да се злоупотребува со цел да се оствари определена лична корист или да се предзивика штета на друг и секогаш се изнаоѓаат најразлични начини да се злоупотреби максимално. Тоа, такво, постапување единствено може да се запознае ако се набљудува и анализира за да се заклучи како тоа дејствие влијае врз трговските односи, дали предзивикува штета или не. Овие секојдневни новини кај злоупотребите појавуваат нови појави, нови конотации преку кои овластените, одговорните или службените лица ги злоупотребуваат своите обврски со цел да се оствари определена лична корист или да му се предзивика штета на друг.

Да се запознаат тие појави можно е единствено преку методите на наблудување и на анализа како методолошки постапки кои даваат сигурни показатели дали одредени дејствија се злоупотребени или не .

3.Работна хипотеза со теоретско одредување на предметот на која се однесува истражувањето, на колкави и какви злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми , видови, појави и начините на нивно превенирање;

3.1.Теоретско претставување на работната хипотеза со одредување на предметот на магистерскиот труд

Па така главната или работната хипотеза на истражувањето која се однесува на тоа колкава и каква е злоупотребата од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови, појави и начините на нивно превенирање со теоретско одредување на предметот на која се однесува истражувањето на колкава и какви злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица е поставена како:

Злоупотребата на службената положба и овластување кај правнитете лица од одговорните лица ги уништува деловните односи на трговските субјекти помеѓу себе, ги уништува трговски друштва, создава нелојална конкуренција, создава сива економија, ги подрива стабилноста на трговските односи и ги уништува деловните и трговските односи помеѓу учесниците во облигационите односи. Ова претставува главна или работна теза и преку теоретско проучување ќе се обидеме да се поткрепи и докаже истата. За да се разбере злоупотребата, колкава и какви Злоупотреби има од различни форми, видови и појави и начините на нивно превенирање се служиме со методот на анализа, набљудување и компарација.

Па така со секојдневно постапување и согледување како адвокат и како обичен граѓанин се осознава и разбира за многу примери на Злоупотреби и дека е многу тешко да се даде и да се поделат формите и појавите на Злоупотребите, затоа што појавата на злоупотребите не е просто и еднонасочно дејствие, туку комплексно и сложено постапување на едно или повеќе лица. Тоа особено се гледа по бројот на подоблиците на Злоупотребите како кривично дело наведени во главата 13 од Кривичниот законик, колку биле за време на осомостојувањето на нашата држава, колку се сега и очигледно тоа е доказ за живата материја која се јавува кај Злоупотребата.

3.2.Поделба на злоупотребите при претставување на работната хипотеза

Па така тргнувајќи од фактот дека злоупотребите не се просто и еднонасочно дејствие, туку комплексно и сложено постапување на едно или повеќе лица, дојдено е до заклучок и со анализата на состојбите дека злоупотребите можат да се поделат по тоа дали истата е направена со извршување и дејствие или пак со неизвршување и непревземање дејствие.

Ова пред се поради фактот што и самата законска дефиниција определува дека злоупотребата се дефинира како искористување на својата службена положба и овластување како и пречекорување на границите на своето службено овластување и неизвршување на својата службена должност

4.Поимно определување на злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица, најразлични форми, видови и појави и начините на нивно превенирање согласно Кривичниот законик на Република С.Македонија, проблемот или појавата што се разработува, односно анализара низ теоретска елаборација;

4.1 Поимно определување на злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица

Поради тоа, како форми или видови на Злоупотребата се смета дека се:

-Злоупотреби сторени со искористување на службената положба и овластување,

-Злоупотреби сторени со пречекорување на границите на своето службено овластување ,

-Злоупотреби сторени со неизвршување на својата службена должност;

Потоа друга форма на Злоупотребата може да се подели:

-Дали со злоупотребата е прибавена имотна корист за сторителот или за друго лице или пак е предизвикана штета на друг па така како форма е:

-Злоупотреба со која се прибавува имотна корист за сторителот;

-Злоупотреба со која се прибавува имотна корист за друг или други лица;

-Злоупотреба со која се предизвикува штета за друг или други лица; [25]

Оваа второва поделба е поврзана со имотната корист и тоа дали со злоупотребата се прибавува имотна корист за сторителот или пак за друго трето лице.

4.2-Поделба, форми и видови на злоупотребата како поим

Карактеристично за определување на формите на Злоупотребата е висината на имотната корист и штетата што ја здобива за себе или за друг и штетата што ја предизвикува оној или оние кои ја вршат злоупотребата, па така јас злоупотребата како форма ќе ја определам како:

-Злоупотреба со која се прибавува имотна корист или предизвикува штета од помала вредност за сторителот или трето лице; [26]

-Злоупотреба со која се прибавува имотна корист или предизвикува штета од поголема вредност за сторителот или трето лице; [27]

-Злоупотреба со која се прибавува имотна корист или предизвикува штета од значителна вредност за сторителот или трето лице;[28]

За начинот на определување што преставува имотна корист или штета од помала, поголема и значителна вредност за сторителот или трето лице основ се зема член 122 т.33,34,35 и 36 Кривичниот Законик на РСМ;

Основ за определување на имотна корист или предизвикување штета од поголема вредност за сторителот или трето лице се зема просечната нето плата исплатена во Републиката во моментот на сторувањето на делото;

Па така под помала имотна корист или штета се смета онаа која е помала или еднаква до 1/2 од просечната месечна нето плата исплатена во Републиката во моментот на сторување на делото; [29]

Под поголема имотна корист или штета се смета онаа која е еднаква на 5 просечни месечни нето плати исплатени во Републиката во моментот на сторување на делото; [30]

Под значителна имотна корист или штета се смета онаа која е еднаква на 50 месечни нето плати исплатени во Републиката во моментот на сторување на делото; [31]

Вредно за споменување е и фактот дека законодавецот во овој член 353 од КЗ, каде е содржана Злоупотребата како поим и дефиниција, никаде не го определува поимот имотна корист или штета од големи размери поради фактот што секоја имотна корист од значителна вредност, или над тоа, се става во истата казна како и за имотна корист или штета која има големи размери и вредност еднаква на 250 просечни месечни нето плати исплатени во републиката;

Исто така при поделбата на форми или видови Злоупотребите би ги поделил и на Злоупотреби направени во зависност од каде потекнуваат капиталот или средствата спрема кој се направени Злоупотребите и тоа спрема средства сопственост на приватни правни лица, Злоупотреби направени спрема државни средства, јавни фондови и Буџетот на Републиката и злоупотреби направени спрема Европските фондови со кои конкурира Републиката.

Поради тоа се прави и оваа поделба на форма или вид на Злоупотребите со која се смета дека постојат:

-Злоупотребите сторени спрема средства од приватна сопственост, на приватни правни лица,

-Злоупотреби сторени спрема средства сопственост на државата, при вршење на јавни набавки, јавни фондови и Буџетот на Републиката;

-Злоупотреби сторени спрема средства сопственост на Европските фондови или други светски фондови, ММФ, грантови,донации со кои конкурира републиката заради развој на некоја гранка; [31]

Па се доаѓа до една многу важна состојба која се однесува на подоблиците на Злоупотребата како појава и која е многу битно да се спомене;

Во главата 13 од Кривичниот законик, која е глава која носи наслов Кривични дела против службената должност, таксативно се набројани повеќе кривични дела кои произлегуваат како резултат на Злоупотребата на службената положба и овластување и во истите детално прецизно и јасно се назначени сите подоблици кој се произлезени од Злоупотребата.

Овие кривични дела опфатени од член 353-а заклучно до 362-б претставуваат подоблици на злоупотребата како поим, дефиниција и дејствие како од сторителите на кривичните дела така и од останатите учесници во настаните. [32]

Тргнувајќи од фактот дека овие кривични дела претставуваат подоблици, а имаат влијание за да се разбере темата, ќе се пристапи кон анализа и прикажување на секој подоблик за да се направи јасна дистинкција помеѓу Злоупотребата како поим и нејзините варијации за да се има јасна претстава што преставува Злоупотребата, а што преставува нејзиниот подоблик.

Многу битно е да се напомене дека Злоупотребата на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица опфаќа повеќе различни дејствија или несторување за разлика од подоблиците на злоупотребата каде има објект на заштита само точно определено дејствие или несторување.

4.3-Повредата на чување на државната граница како форма и вид на злоупотребата

Првиот подоблик на злоупотребата е: „Повредата на чување на државната граница„ и како подоблик на Злоупотребата се врзува и произлегува од фактот дека може да го направи само службено лице кое постапувајќи спротивно на прописите на чување на државна граница ќе предизвика да настапат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена;

Постојат неколку квалификаторни потешки подоблици на Злоупотребата, ако со дејствието на актот настапи тешка телесна повреда или имотна штета од големи размери или настапиле други тешки последици.

Исто така како потешка форма на цитираната злоупотреба е ако настапи смрт за некое лице или пак злоупотребата е сторена од небрежност.[32]

[25,26,27,28,29,30,31,32] За поимот на класификацијата на злоупотребата види од член 353 до 362 од КЗ, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски , види Кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ во судската практика Тодор Витларов, За поимот „Повредата на чување на државната граница„ види член 353-а од КЗ

Ова како подоблик на Злоупотребата карактеристично е дека може да го стори само службено лице и спаѓа во групата на посебни кривични дела кои произлегуваат од злоупотребата, затоа што како квалификаторен елемент се јавува дека тоа службено лице кое ја чува државната граница и својството кое го има како службено лице и кое постапува спротивно на прописите за чување на државната граница.

При докажувањето на ова кривично дело треба да се утврди токму кој дел од законот за чување на државната граница е прекршен и со кое дејствие е предизвикано да настапат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена, или ако со дејствието на актот настапи тешка телесна повреда, или имотна штета од големи размери, или настапиле други тешки последици.

Се јавува нејасност што се се подразбира под поимот „потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена“ ,затоа што точна определба на овој подвид на Злопупотребата на службената положба и овластување нема.

Карактеристично е дека ова кривично дело може да се предизвика и со небрежност и спаѓа во група каде како карактеристика се јавува дека ова кривично дело може да се стори и со небрежност и не треба умисла за сторување на ова дело.

4.4-Неизвршување наредба како форма и вид на злоупотребата

Вториот подоблик на Злоупотребата е: „Неизвршување наредба„ која како подоблик на Злоупотребата се врзува и произлегува од фактот дека може да го стори само службено лице кое при вршење на должноста постапувајќи спротивно на прописите на спречување и откривање на кривични дела, фаќање на сторители на кривични дела или одржување на јавниот ред и мир, мирот и безбедноста на земјата, одбие да изврши наредба на претпоставен, да превземе некое службено дејествие, па поради тоа ќе предизвика да настапат потешки повреди на правата на друг, потешко нарушување на јавниот ред и мир или значителна имотна штета; [33] Исто така како полесна форма на цитираната злоупотреба е ако службеното лице злоупотребата ја сторил со небрежност.

Исто и кај ова како подоблик на Злоупотребата карактеристично е дека може да го стори само службено лице и спаѓа во групата на посебни кривични дела кои произлегуваат од злоупотребата, затоа што како квалификаторен елемент се јавува

дека тоа службено лице кое при вршење на должноста постапувајќи спротивно на прописите на спречување и откривање на кривични дела, фаќање на сторители на кривични дела или одржување на јавниот ред и мир, мирот и безбедноста на земјата, одбие да изврши наредба на претпоставен и да превземе некое службено дејствие. При докажувањето на ова кривично дело треба да се утврди токму кој дел од прописите за спречување и откривање на кривични дела, фаќање на сторители на кривични дела или одржување на јавниот ред и мир, мирот и безбедноста на земјата, е прекршен и што точно сторителот одбил да изврши, наредба на претпоставен, да превземе некое службено дејствие и со кое дејствие е предизвикано да настапат потешко нарушување на јавниот ред и мир или значителна имотна штета. Се јавува нејасност што се се подразбира под поимот „ вршење на должноста постапувајќи спротивно на прописите на спречување и откривање на кривични дела, фаќање на сторители на кривични дела или одржување на јавниот ред и мир, мирот и безбедноста на земјата, одбие да изврши наредба на претпоставен да превземе некое службено дејствие“. затоа што точна определба на овој подвид на Злопупотребата на службената положба и овластување нема, а ова како дејствие е општо и не е конкретно во поглед на дејствието на извршување.

4.5-Несовесно работење во службата како форма и вид на злоупотребата

Третиот подоблик на Злоупотребата е: „Несовесно работење во службата„ која како подоблик на Злоупотребата се врзува и произлегува од фактот дека може да го направи само исклучиво службено или одговорно лице кое при вршење на должноста е вработено во јавно претпријатие или јавна установа и кое со повреда на законските прописи за судир на интересите или за совесно постапување при вршењето на дискрециono овластување, со пропуштање на должен надзор или на друг начин очигледно несовесно постапува во вршењето на своите службени овластувања и должности што за себе или за друг ќе прибави некава корист или на друг ќе му нанесе штета. [34]

---

[33] За поимот „Неизвршување наредба„ видиот член 353-б, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски ,

Исто така како форми на цитираната злоупотреба е ако службеното или одговорното лице за себе или за друг прибави поголема имотна корист или предизвика поголема имотна штета.

Кај овој подоблик на Злоупотребата карактеристично е дека може да го стори не само службено лице, туку и одговорно лице со што се напушта класичниот концепт за сторител на ова дело и се предвидува дека ова дело покрај службеното лице може да го стори и одговорното лицо и затоа не спаѓа во групата на посебни кривични дела кои произлегуваат од злоупотребата, од причина што како квалификаторниот елемент повеќе не се јавува.

При докажувањето на ова кривично дело треба да се утврди на каков начин е вршено неосвесното вршење во службата од страна на службенот лице или одговорно лице.

4.6-Проневера во службата како форма и вид на злоупотребата

Четвртиот подоблик на Злоупотребата е: „Проневера во службата„ која како подоблик на Злоупотребата се врзува и произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено или одговорно лице кое при вршење на должноста прибавило за себе или за друг противправна имотна корист, хартии од вредност или други подвижни предмети доверени во службата. Исто така како форми на цитираната злоупотреба е ако службеното или одговорното лице за себе или за друг прибави поголема имотна корист или значителна имотна корист, или ако дејствието го сторило со странско правно лице кое има претставништво во РМ кое врши работи од јавен интерес и ако делото е сторено и во вршење на неговото посебно овластување или должност определена со закон. Карактеристично е дека овој вид на злоупотреба, покрај повредата на интересот на законито постапување на службените лица, проневерата е дело против имотот. Дејствие на извршување е присвојување, а објект на присвојување се подвижни предмети како пари, хартиии од вредност кои му биле доверени на сторителот. Кај овој подоблик има субјективен елемент, а тоа е умислата и треба да постои противправно прибавување на предмети. [35]

[34 и 35] За поимот Несовесно работење во службата и „Проневера во службата„ види член 353-в и 354, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски ,

4.7-Измама во службата како форма и вид на злоупотребата

Петтиот подоблик на Злоупотребата е: „Измама во службата„ која како подоблик на Злоупотребата се врзува и произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице кое при вршење на службата со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со поднесување на лажни сметки, или на друг начин, ќе доведе во заблуда овластеното лице да изврши незаконита исплата.

Исто така како форми на цитираната злоупотреба е ако службеното лице за себе или за друг прибави поголема или значителна имотна корист или злоупотребата е сторена од одговорното лице кое за себе или за друг прибави поголема имотна корист од странско правно лице кое има преставништво во РМ, а кое врши работи од јавен интерес и ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност определена со закон. [36]

4.8-Послужување во службата како форма и вид на злоупотребата

Шестиот подоблик на Злоупотребата е: „Послужување во службата„ која како подоблик на Злоупотребата се врзува и произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице кое при вршење на службата ќе се послужи со пари, со хартии од вредност или други подвижни предмети доверени во службата или овие предмети неовластено ќе му ги даде на друг за да се послужи. [37]

Ова дело е блиско на проневерата и со ова се заштитува интересот за правилно, законито постапување со довереният имот во вршењето на службата. За разлика од проневерата, послужувањето не се врши со присвојување на предмети со намера за прибавување противправна имотна корист, но по своето битие тоа значи определено располгање со предметите за свои потреби како на пример: сторителот ги користи доверените предмети за свои потреби, манипулира со нив за други цели различни од службените цели само што не ги присвојува. Од аспект на заштита на интересот, послужувањето се изразува како „кражба „ на употребна вредност. Како дејствие на извршување е послужување со доверените предмети или давањето на друг да се послужи со нив.

Послужувањето претставува привремено користење со намера потоа истите да се вратат. Послужвањето, односно давањето на друг предмети на послужување, се

врши неовластено и ова дело да постои, потребно е умисла или волја за негово извршување.

4.9-Примање на поткуп како форма и вид на злоупотребата

Седмиот подоблик на Злоупотребата е: „Примање на поткуп„ која како подоблик на Злоупотребата се врзува и произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок, друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши, или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши. [38]

Исто така како форми на цитираната злоупотреба е ако службеното лице директно или индиректно ќе прими подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши службено дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши дејствие што не би смеело да го го изврши или злоупотребата е сторена од одговорното лице кое за себе ќе прибави поголема имотна или значителна имотна корист, како и странско службено лице и одговорно лице кое врши работи од јавен интерес.

Примањето на поткуп преставува форма на корупција. За едно организарно демократско општество нема ништо поопасно, по однос на функционирањето на јавните служби и вршењето на јавните функции, од корумпираноста и со тоа преставува силен атак врз начелото на законитост и врз слободите и правата на граѓаните, зашто раширеноста на оваа појава повлекува нарушување на едно од основните начела, а тоа е еднаквост на слободите и правата. Од друга страна корумпираноста на носителите на јавни функции повлекува неефикасност во остварување на тие функции, затоа што општиот интерес е потиснат на сметка поединачниот интерес. Овде имаме неколку поделби и тоа: Основно дело-право поткупување, неправилно пасивно поткупување и дополнително пасивно поткупување. Дејствието на извршување кај правото поткупување е барање на подарок или друга корист, примање на подарок или друга корист или ветување корист или подарок за службеното лице за сторителот кој во рамките на своите службени овластувања треба да изврши дејствие што би морал да го изврши.

Објектот на дејствието е подарокот или некаква корист спрема службеното или одговорното лица кое за ова треба да изврши она што треабало да го изврши во

рамките на неговите службени овластувања. Постои и неправно пасивно поткупување кое се состои и се однесува службеното лице или одговорното лице за себе или за друг да изврши службено дејствие што би морало да го изврши или да не изврши дејствие што не би смело да го го изврши. Разликата е во тоа што го прима поткупот, затоа што и така треба да се изврши, односно неизвршување на дејствие штом и така не смее да се изврши. Неправото поткупување (подмачкување) се казнува поради тоа што вршењето на службеното дејствие се претвара во извор на приходи и како злоупотребата често преминува во право поткупување.

Дополнителното пасивно поткупување е во врска со правото и неправото пасивно поткупување. Се состои во барање или примање на подарок или некаква друга корист по изврушување на службеното дејствие. Елементи на двете поткупувања се умислата, а како извршител и во двете се јавува службено или одговорно лице.

4.10-Давање поткуп како форма и вид на злоупотребата

Осмиот подоблик на Злоупотребата е: „Давање поткуп„ која како подоблик на Злоупотребата е различен од другите погоре наведени и објаснети и не се врзува и не произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице или одговорно лице, туку го врши лице кое директно или индиректно ќе даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да го изврши службеното дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или тој што посредува при ова.[39] Исто така како форми на цитираната злоупотреба е тој што директно или индиректно на службеното лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок да изврши дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши дејствие што не би смеело да го изврши како и тој што посредува во тоа. Давањето на поткуп стои во суштинска нераскинлива врска со пасивното поткупување, односно примањето на поткуп значи согласување да се биде корумпиран и активното поткупување не е соучесништво во пасивното поткупување, туку самостојна инкриминација што може да постои при пасивното поткупување.

[36,37,38] За поимот Измама во службата,Послужување во службата,Примање на поткуп,види член 355, 356, и 357 од КЗ, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски ,

Па така пасивното поткупување може да се состои во барање поткуп од страна на службено лице која иницијатива не мора да биде прифатена од оној од кого се бара поткуп.

Од правната теорија се издвојуваат право активно поткупување кое се состои во давање или ветување подарок или некоја друга корист на службено лице кое во рамките на своето службено овластување врши службено дејствие што не би смеел да го изврши или да не изврши дејствие што би морало да го изврши.

Дејствие на извршување е давање на ветување подарок или друга корист или посредување при активното поткупување. Неправото активно поткупување е тоа што ова дело го врши тој што на службено лице ќе му даде или ќе му вети подарок или некоја друга корист кој во рамките на своите службени овластувања треба да изврши дејствие што би морало да го изврши или да не изврши дејствие што не би смеел да го изврши.

Ако лицето што дава поткуп го открие делото и го пријави службеното лице пред да биде откриен, ќе биде ослободен од казна и на ваков начин се влијае да се пријавуваат ваквите кривични дела.

4.11-Давање награда за противзаконито влијание како форма и вид на злоупотребата

Деветиот подоблик на Злоупотребата е: „Давање награда за противзаконито влијание„ која како подоблик на Злоупотребата е различен од другите погоре наведени и објаснети и не се врзува и не произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице или одговорно лице, туку го врши лице кое директно или индиректно ќе даде награда, подарок или друга корист за него или трето лице за со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба или углед, да бара интервенира, поттикнува или на друг начин влијае да се изврши или да не се изврши определено службено дејствие што би морало да се изврши или да не се врши службеното дејствие што не би смеело да се изврши. [40]

---

[39] За поимот „Давање поткуп„ види член 358 од КЗ, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски ,

Исто така како форми на цитираната злоупотреба е тој што директно или индиректно на друг, наградата, подарокот или друга корист, ветувањето или понудата за таквата корист, ќе влијае да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши дејствие што би морало да се изврши, како подоблик се јавува со цел ако дејствијата се сторени со врска со покренување или водење на кривична постапка против определено лице, како и како подоблик се јавува ако директно или индиректно ќе му даде корист, награда за него или трето лице за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание да не изврши дејствие што е спротивно на неговата должност. Во секој случај тој што доброволно ќе го пријави и разоткрие сторителот пред да дознае сторителот дека е откриен, ќе биде ослободен од казната, а наградата, подарокот или другата корист ќе се одземат.

Ова дело според правната наука е дело блиску на поткупувањето и ова дејствие инкриминирано е посредувањето за награда во извршувањето на некое службено дејствие, односно самото дејствие на посредување во вршење на незаконско дејствие.

Како форма на корупција на службените лица што имаат посебна општествена положба, кривичноста на ова дело се исцрпува во самото посредување, незаконито влијание со искористување на посебната или службената положба.

Дејствието на извршување е примањето награда или друга имотна или некаква корист со цел за посредување. Посредувањето значи влијание врз службеното лице да изврши службено дејствие и се мисли на влијанието што сторителот би го остварил со користењето на својата службена положба.

Ова дело се смета за довршено со самото тоа што ќе се прими награда или друга корист, а и за сторување и одговорност се бара умисла и како извршител може да се јави службено или друго лице што ја искористува својата службена положба или влијание.

4.12-Примање награда за противзаконито влијание како форма и вид на злоупотребата

Десеттиот подоблик на Злоупотребата е: „Примање награда за противзаконито влијание“ која како подоблик на Злоупотребата е различен од другите погоре наведени и објаснети подоблици, не се врзува и не произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице или одговорно лице, туку го врши лице кое директно

или индиректно ќе прими награда, подарок или друга корист, за да бара, со искористувањето на своето реално претпоставено влијание, службена или општествена положба, или интервенира на друг начин да се изврши службено дејствие што морало да се изврши или да не се изврши, а кое што не смеело да се изврши. [41]

Исто така како форми на цитираната злоупотреба е тој што директно или индиректно со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед ќе бара, интервенира, поттикнуваа или на друг начин ќе влијае да се изврши службеното дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службеното дејствие што би морало да се изврши. Како подоблик е и фактот ако ова дејствие е сторено со врска со покренување или водење на кривична постапка против определено лице, а како подоблик се јавува и ако директно или индиректно ќе му даде корист, награда за него или трето лице за со искористување на своето реално или претпоставено влијание кај одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое врши дејност во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, да изврши или да не изврши дејствие што е спротивно на неговата должност. Во секој случај како последица на противзаконското стекнување има стекнување или губење на поголма имотна корист или нанесување на поголема штета за друго домашно или странско правно лице кое го сторило правно лице. Ова како слично дело на давањето награда за противзаконито влијание го врши исклучиво службено лице или одговорно лице кое директно или индиректно ќе прими, награда, подарок или друга корист за да бара, со искористувањето на своето реално претпоставено влијание, службена или општествена положба, или да интервенира па и на друг начин да се изврши службено дејствие што морало да се изврши или да не се изврши, акое што не смеело да се изврши. Ова дело според правната наука исто така е дело блиску на поткупувањето и во ова дејствие инкриминирано е примањето награда заради влијание да се извршува и некое службено дејствие, односно самото дејствие на примање на награда заради влијание во вршење на незаконито дејствие. Како форма на корупција на службените лица што имаат посебна општествена положба, неправото на ова дело се исцрпува во самото примање на награда заради посредување со незаконито влијание со искористување на посебната или службената положба.

[40,,41] За поимот на Давање награда за противзаконито влијание и Примање награда за противзаконито влијание,, види член 358-а и 359 од КЗ, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски ,

Дејствието на извршување е примањето награда или друга имотна или некаква корист со цел за посредување. Посредувањето значи влијание врз службеното лице да изврши службено дејствие и се мисли на влијанието што сторителот би го остварил со користењето на својата службена положба.

Ова дело се смета за довршено со самото тоа што ќе се побара и прими награда или друга корист, а за извршено и за одговорност се бара умисла, а како извршител може да се јави службено или друго лице што ја искористува својата службена положба или влијание.

4.13-Противправно стекнување и прикривање на имот како форма и вид на злоупотребата

Единаесеттиот подоблик на Злоупотребата е: „Противправно стекнување и прикривање на имот“ кој како подоблик на Злоупотребата го врши службено или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал кое спротивно на законската должност за пријавување на имотната состојба или нејзина промена, ќе даде лажни или непотполни податоци за својот имот или имотот на членовите на неговото семејство кои во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи. [42]

Исто така како оформи на цитираната злоупотреба е службеното лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, кога во законско уредена постапка ќе се утврди дека за време на вршењето на функцијата или должноста тоа или член на неговото семејство стекнал имот што во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи, дава лажни податоци или ги прикрива неговите вистински извори, иако со дејствието е сторено неговиот имот во големи размери да ги надминува неговите законски приходи;

Како објект на дејствие може да се забележи дека е противправното стекнување и прикривање на имот кое има за цел лично или за друг стекнување на имотна корист како резултат. Како извршител се јавува службено лице или одговорно лице што располага со државен капитал кое спротивно на законската должност за пријавување на имотната состојба или нејзина промена, ќе даде лажни или непотполни податоци за својот имот или имотот на членовите на неговото семејство кои во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи.

Ова дело е насочено кон превентивно дејствие за службените или одговорни лица да ја пријавуаат својата имотна состојба и во текот на вршењето на службата да не превземаат дејствија имотот кој им е доверен да го пренесуваат на блиски лица.

4.14-Оддавање на службена тајна како форма и вид на злоупотребата

Дванаесетиот подоблик на Злоупотребата е: „Оддавање на службена тајна„ која како подоблик на Злоупотребата е различен од другите погоре наведени и објаснети подоблици и не се врзува и не произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице или одговорно лице, туку го врши било кое лице што на јавноста или на неповикано лице ќе соопшти, предаде или на друг начин ќе му ги стори достапни податоците што претставуваат службена тајна или прибавува такви податоци со намера да ги соопшти или предаде на јавноста или на неповикано лице. [43]

Исто така како форма на цитираната злоупотреба е и некој што ќе го стори делото од користољубие или заради користење на податоците во странство или пак делото го стори од небрежност. Како објект на дејствие гледаме дека е службена тајна истата ќе ја направи достапна на друго лице или повеќе лица со намера да ја соопшти или предаде на јавноста или на неповикано лице и може да се направи или со умисла или со небрежност. Како извршител може да се јави било кое лице, а не само службено или одговорно лице кое врши определена службена дејност.

4.15-Злоупотреба на државна, службена или воена тајна како форма и вид на злоупотребата

Тринаесеттиот подоблик на Злоупотребата е: „Злоупотреба на државна, службена или воена тајна“ која како подоблик на Злоупотребата е различен од другите погоре наведени и објаснети и повторно не се врзува и произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице кое ќе ги искористи податоците што преставуваат државна, службена или воена тајна со намера со тоа за себе или за друг да прибави некаква имота корист или нанесување штета на друг. Исто така како форма на цитираната злоупотреба е и лицето кое ова дејствие може да гоизврши, а на кое ќе му престане службата со намера податоците што ги стекнал да ги соопшти, предаде или стори достапни на користење на друго лице.[44]

Објект на дејствие во овој случај исто така е оддавање државна, службена или воена тајна кој таа тајна ја прави достапна, а со тоа прибавува некаква материјална или имотна корист.

Како сторител во случајов може да се јави само службено лице кое ја искористува својата службена положба или овластување. Тука се бара умисла за извршување на делото па за тоа да прибави определена имотна или материјална корист.

4.16-Фалсификување службена исправа како форма и вид на злоупотребата

Четиринаестиот подоблик на Злоупотребата е: „Фалсификување службена исправа„ која како подоблик на Злоупотребата е различен од другите погоре наведени и објаснети и се врзува и произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено лице кое во службена исправа, книга или спис ќе внесе невистинит податок или нема да внесе некој важен податок, или со свој потпис, односно со службен печат ќе завери службена исправа, книга или спис со невистинита содржина, или со свој потпис, односно службен печат ќе овозможи правење службена исправа, книга или спис. [45]

Исто така како форми на цитираната злоупотреба е ако службено лице исправите ги употреби во службата како да се вистинити или ќе ги уништи, прикрие во поголема мера, ќе ги оштети или на друг начин ќе ги направи неупотребливи и ако одговорно лице во правно лице располага со државен или општествен имот, а ги направи погоре опишаните дејствија;

Фалсификувањето исправа се состои во правење службена исправа со навистинита содржина или овозможување на правење на таква исправа.

Ова дело како инкриминација го предвидува внесување невистинити податоци во службена исправа, книга или спис, невнесување некаков важен податок, заверување со свој, односно службен печат, книга или спис.

[42,43,44] За поимот на Противправно стекнување и прикривање на имот ,Оддавање на службена тајна , Злоупотреба на државна , службена или воена тајна види од член 359-а, 360, и 360-а од КЗ, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски ,

Ова дело има неколку форми и тоа првата форма која се состои од внесување невистинити податоци или невнесување некаков важен податок во службена исправа, книга или списи, најопшто кажано се работи за вистинска службена исправа со невистинита содржина. За постоењето на оваа форма потребно е податоците кои што се внесени да имаат некаква важност или вредност и тие да бидат невистинити.

Втората форма на ова дело, заверувањето со свој потпис или службен печат, службена исправа, книга, или спис со внесување на невистинита содржина. Овде внесувањето или невнесувањето го врши друг, а сторителот или извршителот само ја заверува таквата состојба и на тие податоци им дава официјален карактер, односно го потврдува нивниот службен карактер. Делото се смета за довршено со самото заверување.

Третата форма се состои на овозможување на правење на службена исправа, книга или спис со невистинита содржина со свој потпис или службен печат.

Дејствието на извршување е овозможување на кој и да е начин една исправа, книга или спис со невистинита содржина да добие карактер на службена исправа, книга или спис, освен заверувањето. За правење на ова дело е потребно умисла и кај сторителот и е потребно да постои свест за невистинитоста на податоците, односно невнесување на важен податок за фактот во книгата , исправата или списот.

4.17-Противзаконита наплата и исплата како форма и вид на злоупотребата

Петнаесетиот подоблик на Злоупотребата е: „Противзаконита наплата и исплата“ која како подоблик на Злоупотребата е различен од другите погоре наведени и објаснети и повторно се врзува со службено или одговорно лице и произлегува од фактот дека може да го стори само исклучиво службено или одговорно лице кое располага со државен или општствен имот и кое од некого ќе наплати износ што не е должен да го плати или ќе наплати повеќе отколку што е должен да плати или кое при исплатата и предавањето на предметите ќе исплати или ќе предаде помалку отколку што бил должен.[46]

[45, 46] За поимот Фалсификување службена исправа и Противзаконита наплата и исплата на класификацијата на злоупотребата види член 361 и 362 од КЗ, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески, види Кривично право– посебен дел В.Камбовски , види Кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ во судската практика Тодор Витларов Види член 362-б од КЗ,

Карактеристично е овде што нема други подблици на оваа злоупотреба. Со погоре наведените видови и појави на злоупотребите може да сублимираме дека Злоупотребата како поим и како појава има големо влијание во трговските односи. Тргнувајќи од дефиницијата на злоупотребата како и од нејзе појавените форми и видови, погоре наведени, можеме да заклучиме дека Злоупотребата во нејзината оригинална форма има огромно влијание на законитоста на трговските односи, односно деловните односи како и на нивната правилност и чесност.

Деловните односи кои се започнати со злоупотреба или друга форма или вид на злоупотреба или противправно дејствие, го уништуваат општеството како и деловните односи помеѓу трговските субјекти и доведуваат до висока корупција и резултираат со нееднаквост помеѓу трговските субјекти што на една страна доведуваат до енормно богатење на некои трговски субјекти, а на друга страна доведуваат до уништување на трговските субјекти, затоа што нема еднаквост на позициите.

Злоупотребата како појава елаборирано низ теоретски и практичен поглед покажува дека секој деловен однос заснован врз база на злоупотреба, без оглед дали тоа е како злоупотреба или нејзина форма мултиплицира повеќе злоупотреби и дејствија на злоупотреби и никој што започнал со злоупотреби не престанал да злоупотребува и дека за да се одржи тој деловен однос заснован на злоупотреби, истиот се одржува со злоупотреби се до реализирање на замисленото, односно до откривање на злоупотребата како форма или дејствие и негово процесуирање.

Токму огромното влијание на злоупотребата како појава во деловните односи ме предизвика да ја елаборирам оваа тема со цел и практично да покажам како злоупотребата го дерогира секој деловен однос, а со тоа го дерогира и пазарот на стоки и услуги во секоја смисла на зборот.

Низ практични примери што сум ги осознал во работата, преку работа во конкретни во класични судски примери, што преку медиумите можам слободно да заклучам дека злоупотребата како појава, е во огромен пораст на сите полиња и поради тоа значително ги дерогира деловните односи. Таа од почетокот на осамостувањето на нашата држава па се до денес руши рекорди по предмети, појави, форми и видови. Показател за тоа се измените на кривичниот законик во повеќе наврати каде во тој Кривичен законик се допрецизирани, вметнати сите варијации на Злоупотребата со сите нејзини видови и форми. Токму тоа зборува дека и службените лица и

одговорните кај правните лица секојдневно измислуваат разни форми на злоупотреби како да ги изиграат своите законски и службени овластувања со цел за себе или за друг да прибават противправна имотна корист или да предизвикаат штета. Токму ова зборува дека Злоупотребата се карактеризира со високо осмислена дејност по однапред замислена шема и дејствие.

5.Дефиниција со конкретни примери за злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави и начините на нивно превенирање споредено со теоретски дел и компаративен преглед со решенија во законодавството со превентивен механизам со анализа на практични и реални случаеви

Дефиницијата за Злоупотребата на службената положба и овластување произлегува од член 353 од Кривичниот законик на Р.С.М која е определена како: ,,Искористување на својата службена положба и овластување како и пречекорување на границите на свосто службено овластување и неизвршување на својата службена должност и прибавување за себе или за друг имотна или било каква друга корист или предизвикување или нанесување на штета,, [47]

5.1-ПРИМЕР 1 за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми , видови и појави

Од поднесенета кривична пријава од оштетеното правно лице може да се утврди дека оштетеното правно лице Н.Н до надлежен јавен обвинител поднело кривична пријава против сопственик и управител НН на правното лице НН, затоа што во текот 2015 година како сопственик и управител на правното лице НН ја злоупотребил својата службена положба и овластување како управител и одговорно лице на правното лице па склучил 2 /два/ писмени договори заверени на нотар со кој го пренел правото на сопственост врз 2/две/ ТМВ сопственост на правното лице за несразмерно ниска цена на трето лице НН за сума во износ од 1.000.оо денари за секое ТМВ и прифатил купопродажната цена да се плати со одложено плаќање од купувачот, со што пријавениот со таквото дејствие му предизвикал штета на оштетеното правно лице за сума во износ 250.000.оо денари; (Кр.Пријава КО.бр.289/16, КО.бр.308/17 на ОЈО Велес)

[47] За поимот злоупотреба види член 353 од КЗ, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски , види Кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ во судската практика Тодор Витларов, Кр.Пријава КО.бр.289/16, КО.бр.308/17 на ОЈО Велес

Врз основа на добиени сознанија од оштетеното правно лице кое е доверител на правното лице чиј основач и управител е пријавениот НН е поднесена кривичната пријава против пријавениот до надлежниот јавен обвинител.

Од описот на дејствието јасно се заклучува дека злоупотребата е превземена од страна на сопственикот кој воедно е и управител на правно лице кое е основано како Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице.

Пријавениот користејќи го своето својство на управител, а знаејќи ја вистинската вредност на ТМВ, свесно и намерно договорил и навел во купопродажните договори дека купопродажната цена изнесува 1.000.оо денари и договорил дека истата ќе биде платена на одложено плаќање.

Ова дејствие на Злоупотреба со правење и склучување на писмени договори за купопродажба на управителот, преставува еден од начините како се предизвикува штета на доверителите на правните лица.

Имено, пријавениот користејќи го законското право кое му е дадено како одговорно лице во правното лице да стопанисува и да управува со имотот на правното лице, неконтролиран од никого, користејќи ги правата кој му припаѓаат по закон да потпишува и склучува договори со правни лица, ја искористува свесно и намерно со цел да предизвика штета на своите доверители.

Определувањето на купопродажна цена на ТМВ е право и обврска на одговорното лице или сега пријавениот управител. Намерното пишување на ниска купопродажна цена во договорите и нивна наплата и пишување на вистинската реална цена претставува еден од начините и видовите на ЗЛОУПОТРЕБА на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица. Во случајов таа наведена цена не е вистинска, не е реална и таа цена е далеку од договорената реална цена за тие ТМВ .

Токму дискреционото право што го има како одговорно лице му дава за право да го направи тоа, но тоа пишување и наведување на таква цена воедно преставува и одговорност, ако со тоа дејствие се предизвикува штета на трето лице, најчесто тоа се доверителите на правното лице кои имаат било какво побарување спрема правното лице. Ваквиот начин на склучување на договори и злоупотреба има една и единствена цел, а тоа е прикривање на имотот на правното лице и предизвикување штета на

доверителите на правното лице. Ваквиот начин на склучување на овие договори се поврзуваат и со други дејствија на Злоупотреба на одговорните лица кое се поврзува со тоа што вистинската реалната купопродажна цена е или веќе платена пред склучувањето или пак со компензација помеѓу правните лица е наплатена (се дава друго ПМВ , ТМВ, Кола стан итн).

Во случујов Злоупотребата на одговорното лице не е само договорање несразмерна цена и склучување и потпишувањето на договорот, злоупотребата се појавува и преку договорање и наплаќање на купопродажна цена многу повисока од онаа која е наведена.

Како што е кажано, наплаќањето на купопродажната цена на рака или предавањето на друго ТМВ или ПМВ или други предмети или нивно пренесување на други правни лица или физичка лица со знаење на одговорното, а за сметка на продадените ТМВ преставува целокупната слика на Злоупотребата како дејствие на делување.

Елементите видовите, подоблиците на Злоупотребата се најразлични !!!

5.2-ПРИМЕР 2: за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави

Од поднесената кривична пријава од оштетеното правно лице до надлежниот ЈО видно е дека оштетното поднело Кривична пријава против пријавениот како одговорно лице и управител Н.Н

Затоа што :

Во периодот од 2014 до 2016 година, пријавениот Н.Н во својство на одговорно лице, управител на правното лице Друштво за трговија и услуги А-Е ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, со неизвршување на својата службена должност постапил спротивно на своите службени и законски обврски и задолжувањ а не поднел годишна сметка за деловната 2013 година, со што постапил спротивно на своите законски и службени должности и овластувања, иако согласно член 240 ст.1 и 2, член 241 ст.2, член 469 ст.1, член 476 ст.1 и 477 ст.1 од Законот за трговски друштва истиот имал законска обврска да го стори тоа, па неизвршувајќи ја својата службена обврска и должност истиот со умисла, почнувајќи од 2014 па се до 2016 година, не поднел годишна сметка

за деловната 2013 година за Друштво за трговија и услуги А-Е ДООЕЛ увоз-извоз Куманово во кое бил управител, по што истиот-пријавениот Н.Н, знаејќи дека за правното лице Друштво за трговија и услуги А-Е ДООЕЛ увоз-извоз Куманово се води постапка за ликвидација поради неподнесена годишна сметка за 2013 година, на ден 02.05.2015 година во Велес, во Бензиската станица која се наоѓа во Велес, подигнал нафта во износ од 64.200.оо денари. На ден 18.03.2016 година правното лице Друштво за трговија и услуги А-Е ДООЕЛ увоз-извоз Куманово било избришано од Централниот регистар, согласно член 552-б од Законот за трговски друштва, со кое бришење на оштетеното Друштво од Велес, како негов доверител, пријавениот му нанел штета во износ од 64.200,оо денари кој долг Друштво за трговија и услуги А-Е ДООЕЛ увоз-извоз Куманово му ги должи на оштетеното правно лице и не може да си го наплати од избришаното правно лице, бидејќи истото не постои повеќе во трговскиот регистар. (Кр.Пријава КО.бр.225/17 на ОЈО Велес)

Врз основа на добиени сознанија од Извршителот кај кого се водела извршна постапка дека правното лице како должник било избришано од трговскиот регистар, оштетеното правно лице кое е доверител на правното лице чиј основач и управител е пријавениот НН, поднесе кривичната пријава против пријавениот до надлежниот јавен обвинител.

Од описот на дејствието јасно се заклучува дека злоупотребата е превземена од страна на управителот на друштвото кој воедно и е сопственик на правно лице кое е основано како Друштво со ограничена одговорност, основано од едно лице.

Пријавениот користејќи го своето својство на управител, знаејќи ја вистинската економска состојба на Друштвото дека според друштво се води постапка за бришење пред Централниот Регистар на Р.М поради неподнесување на завршна сметка за наведените години, пријавениот свесно прикривајќи ги тие факти подигнал нафта на име на правното лице. Тој свесно и намерно договорил и навел во купопродажниот договор-фактура дека купопродажната цена ќе ја плати преку сметка и дека истата ќе биде платена на одложено плаќање, свесно прикривајќи ги фактите дека правното лице е во постапка за бришење и е неактивно. Ова дејствие на Злоупотреба е сторено и без било какво делување, односно со непревземање на службени дејствија кој имал обврска да ги превземе пријавениот и при склучување на писмените договори-фактури

за купопродажба на нафта, управителот претставува еден од начините како се предизвикува штета на доверителите на правните лица.

Имено, пријавениот користејќи го законското право кое му е дадено како одговорно лице од правното лице да стопанисува и да управува со имотот на правното лице неконтролиран од никого, но со закон обврзан да достави завршна сметка за правното лице, но и со закон обврзан да ја пријави состојбата во која се наоѓа правното лице, злоупотребувајќи ги правата кои му припаѓаааат по закон да потпишува и склучува договори со правни лица, ја искористува свесно и намерно со цел да предизвика штета на своите доверители на начин што подигнува нафта во име и за сметка на правното лице свесно прикривајќи ги фактите дека правното лице се наоѓа во постапка за бришење поради неподнесување на завршна сметка и дека правното лице е неактивно.

Договорањето за купување и продавање на производи е право и обврска на одговорното лице или сега пријавениот управител, но воедно е и обврска да им соопшти на своите добавувачи дека правното лице е со блокирана сметка и се наоѓа во постапка за бришење поради неподнесување на завршна сметка.

Токму криењето на овие факти претставуваат „Злоупотреба“ на својата службена положба и овластување како управител и одговорно лице.

Намерното прикривање на тие факти, прикривање на вистинската реална слика за состојбата на правното лице, преставува еден од начините и видовите на ЗЛОУПОТРЕБА на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица.

Во случајов прикривањето дека друштвото е во постапка за бришење поради неподнесување на завршна сметка, не е правилно претставена слика за правното лице чиј основач и управител е пријавениот.

Токму дискреционото право што го има како одговорно лице му дава за право да го направи тоа, но прикривањето на состојбата, потпишување и купување на предмети во име и за сметка на друштвото воедно преставува и одговорност, ако со тоа дејствие се предизвикува штета на трето лице, а најчесто тоа се доверителите на правното лице кои имаат било какво побарување спрема правното лице. Ваквиот начин на склучување на договори и купување на стока за правно лице кое се наоѓа во

постапка за бришење преставува злоупотреба и има една и единствена цел: - стекнување на противправна корист за управителот или нему блиско лице и предизвикување на штета на доверителите на правното лице.

Ваквиот начин на подигнување на стока и склучување на овие договори се поврзуваат и со други дејствија на Злоупотреба на одговорните лица кое се поврзува со тоа што вистинскиот купувач е некој сосема друг, најчесто управителот, неговите деца или сопруга кои имаа основано друго друштво и најчесто вака подигната стока се користи за тоа правно или физичко лице.

Во случајов Злоупотребата на одговорното лице не е само подигнување на стоката во име и за сметката на правното лице кое се наоѓа во постапка за бришење, договорање за плаќање во име и за сметка на тоа правно лице склучување и потпишувањето на фактурата или договорот, злоупотребата се појавува и преку пренос на таа стока на друго правно лице без никаков документ, или користење на таа стока за свои лични потреби.

Како што кажав, склучување на договори за купување на стока или услуги наплаќањето на купопродажната цена на рака или препродавање предмети или нивно пренесување на други правни лица или физички лица со знаење на одговорното лице, а за сметка на купената стока претставува целокупната слика на Злоупотребата како дејствие на сторување.

Елементите видовите, подоблиците на Злоупотребата се најразлични !!!

5.3 -ПРИМЕР 3 за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави

Од поднесената кривична пријава може да се утврди дека оштетеното правно лице до надлежниот ЈО поднело Кривична пријава против пријавениот како одговорно лице и управител

Затоа што

Во текот на 2017 и 2018 година со повеќе поединечни дејствија, пријавената Н.Н во својство на одговорно лице-управител на Друштво за услуги и промет П-П КОМПАНИ ДОО Скопје, ја искористила својата службена положба и овластување, иако била свесна за своето дело и го сакала неговото извршување, на начин што откако

на ден 20.06.2017 година од страна на оштетеното правно лице Друштво за производство и трговија Б-К ДООЕЛ увоз-извоз Велес е поднесен Предлог за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, а по истиот е донесено Решение НПН.бр.110/2017 од 20.06.2017 година на Нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, правосилно од 23.03.2018 година и извршно од 23.03.2018 година, со кое се задолжува Друштво за услуги и промет П- П КОМПАНИ ДОО Скопје да плати долг од 147.173,оо денари Истата со намера да го изигра доверителот-сега оштетениот и да го избегне плаќањето на долгот, во текот на 2018 година, на адресата на седиштето на правното лице Друштво за услуги и промет П- П КОМПАНИ ДОО Скопје, ул.Орце Николов бр.1 Скопје, Центар, и со истата дејност 56.10-Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна, регистрирала подружница на правното лице Друштво за угостителство, трговија и услуги К ГРУП ДООЕЛ Скопје-Подружница Пица паста Камел Скопје, во кое правно лице пријавената е сопственик и управител, при што целокупниот инвентар и подвижни предмети кои дотогаш ги користела фирмата-должник Друштво за услуги и промет П- П КОМПАНИ ДОО Скопје, ги префрлила на користење на новата подружница во фирмата Друштво за угостителство, трговија и услуги К ГРУП ДООЕЛ Скопје-Подружница Пица паста Камел- Скопје, со што направила се што е можно долгот да не се плати, па на тој начин го оштетила правното лице-оштетениот за сума во износ од 147.173,оо денари. (Кр.Пријава КО.бр.2596/18 на ОЈО Скопје)

Врз основа на добиени сознанија од Извршителот кај кого се водела извршна постапка кој излегол на попис на подвижни предмети дека правното лице како должник на местото на кое што ја вршело својата трговска дејност не работи повеќе и стопанисува со објектот, туку на неговото место стопанисува друго правно лице чиј управител и основач е сега пријавената, оштетеното правно лице кое е доверител на правното лице чиј основач и управител е пријавениот НН, поднесе кривичната пријава против пријавената до надлежниот јавен обвинител.

Од описот на дејствието јасно се заклучува дека злоупотребата е превземена од страна на управителот на друштвото кој подоцна отворил друго правно лице во кое тој бил основач и содружник и управител притоа на местото каде стопанисувало правното лице должник, чиј управител била пријавената, продолжил да стопанисува ново отвореното правно лице основано од пријавената со истиот имот со кој претходно

стопанисувало правото лице, должник кое правно лице воедно е и сопственик на целокупниот инвентор.

Пријавената користејќи го своето законско право пристапила и основала друго правно лице: Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице во кое имала својство на управител и единствен содружник и потоа отворила подружница на истото место во која започнала да врши трговска дејност со ново основаното правно лице во истиот објект и со имотот на правното лице кое е должник без притоа да има било каков договор за пренос на имотот од старото правно лице, кое е должник со ново отвореното правно лице па пријавената знаејќи ја вистинската економска состојба на Друштвото кое било основано и управител и кое должи и дека спрема друштво се води постапка за присилна наплата. Пријавената свесно основала друго правно лице со цел да ги избегне присилните постапки за наплата.

Ова дејствие на Злоупотреба е сторена со презвемање на дејствија со кои се остварува протиправна корист за пријавената која имала обврска да склучи писмени договори за пренос на имотот од име на правното лице должник, на ново основаното правно лице од пријавената. Ова претставува еден од начините како се предизвикува штета на доверителите на правните лица и како тоа влијае на трговските и деловни односи.

Пријавената користејќи го законското право кое и е дадено како граѓанин на оваа држава, најнапред основала правно лице со седиште на друга адреса, потоа регистрирала подружница на истото правно лице на адресата каде стопанисува правното лице должник на кого одговорно лице е пријавенета која пак во ново отворено правно лице продолжила да стопанисува и да управува со имотот на правното лице како должник, сега во име и за сметка на ново основаното правно лице, па така неконтролирана од никого злоупотребувајќи ги правата кои и припаѓаат по закон да потпишува и склучува договори со правни лица, ја искористува свесно и намерно со цел да предизвика штета на своите доверители. Таа го пренесува целокупниот имот на новооснованото правно лице на начин без да биде склучен било каков писмен договор.

Практично сама помеѓу себе си го пренела имотот без да биде контролиран од никого. Договорањето за купување и продавање или пренос на право на сопственост на основните средства на друштво кое е должник е право и обврска на одговорното лице или сега пријавената како управител, но воедно е и обврска функцијата да ја води по

закон и да не предизвикува штета на трети лица, во конкретниов случај на своите доверители. Токму овие дејствија на делување делумно и со непревземање и со неправење претставува „Злоупотреба“ на својата службена положба и овластување како управител и одговорно лице.

Намерното и свесно основање на правно лице со иста дејност и продолжување на вршење на трговска дејност на исто место само со друго правно, а со истиот имот на имотот на должникот, со превземање на дејствија, со прикривање на тие факти, прикривање на вистинската реална слика за состојбата на правното лице претставува еден од начините и видовите на ЗЛОУПОТРЕБА на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица и како таа злоупотреба влијае врз трговските и деловни односи.

Во случајов основање на друштво и подружница, продолжување на вршење на трговска дејност на истото место со имотот на правното лице должник, претставува дејствие на злоупотреба на самиот управител како пријавено лице и со тоа практично претходно заснованиот трговски однос е потполно уништен.

Токму дискреционото право што го има како одговорно лице, но и како граѓанин му дава за право да го направи тоа, но тоа и прикривањето на состојбата непотпишување на писмен договор пренос на имотот, неевидентирање на имотот на должникот фиктивен пренос на имотот од едно наа друго правно лице во име и за сметка на ново основаното друштво, воедно претставува и одговорност, ако со тоа дејствие се предизвикува штета на трето лице, најчесто тоа се доверителите на правното лице кои имаат било какво побарување спрема правното лице должник.

Ваквиот начин на пренос на имотот на правното лице должник претставува злоупотреба и има една и единствена цел, а тоа е стекнување на противправна корист за управителот или за нему блиско лице, предизвикување штета на доверителите на правното лице и уништување на претходно заснованиот трговски однос.

Во случајов Злоупотребата на одговорното лице не е само основање на ново правно лице, регистрирање на подружница и продолжување на трговската дејност со друго правно лице, пренос на имотот на ново основаното правно лице, злоупотребата се појавува и преку пренос на таа стока на друго правно лице без никаков документ, или користење на таа стока за свои лични потреби.

Како што е кажано едно исто одговорно лице кое основа правно лице на кое е тој одговорно лице, преставува слика на Злоупотребата како дејствие на делување.

Елементите, видовите, подоблиците на Злоупотребата се најразлични !!!

5.4-ПРИМЕР 4 за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави

Видно од поднесената кривична пријава, поднесена од оштетеното правно лице до надлежниот ЈО против пријавениот, се утврдува дека пријавениот Н.Н како одговорно лице и управител

ЗАТОА ШТО

Во текот на 2016 година пријавениот Н.Н од Росоман како сопственик и управител на Друштво за земјоделско производство, трговија и услуги С-КОМ извоз-увоз ДООЕЛ с.Росоман знаел дека правното лице на кое тој е основач и управител како должник е неспособно за плаќање со повеќе поврзани дејствија, со неразумно трошење и отуѓување предмети и права за несразмерно ниска цена, со прекумерно задолжување, со превземање несразмерни обврски, со склучување или обновување на договори со лица неспособни за плаќање, со пропуштање да се оствари побарувањето или на друг начин со пропуштање да се оствари, ги повредил своите должности при управувањето на правно лице Друштво за земјоделско производство, трговија и услуги С-КОМ извоз-увоз ДООЕЛ с.Росоман на начин што како одговорно лице-управител на правното лице извршил продажба на земјоделски производи на купувачи од странство кои се неспобни за плаќање за вкупна сума во износ од 6.756.637.оо денари Извршил продажба на земјоделски производи и на домашни правни лица за вкупна сума во износ од 273.000.оо денари и пропуштил да ги оствари и да ги наплати побарувањата од тие правни лица во вкупен износ од 7.029.585.оо денари па ги повредил своите должности при управувањето на правно лице, па поради тоа правното лице паднало во тешка финансиска состојба, а тој не повел никаква постапка за обезбедување, наплатување и остварување на побарувањата за вкупна сума во износ од 6.756.637.оо денари на купувачи од странство како должници и 273.000.оо денари како должници од домашни правни лица па поради тоа доверителите не можат да ги намират своите побарувања. (Кр.Пријава КО.бр.78/18 на ОЈО Велес)

Врз основа на добиени сознанија од доверителот, кој преставувал добавувач на правното лице чиј основач и управител бил пријавениот, оштетеното правно лице кое е доверител на правното лице против пријавениот Н.Н поднесе кривичната пријава до надлежниот јавен обвинител.

Од описот на дејствието јасно се заклучува дека злоупотребата е превземена од страна на управителот на друштвото кој знаел дека правното лице на кое тој е основач и управител како должник е неспособно за плаќање со повеќе поврзани дејствија, со неразумно трошење и отуѓување предмети и права за несразмерно ниска цена, со прекумерно задолжување, со превземање несразмерни обврски, со склучување или обновување на договори со лица неспособни за плаќање, со пропуштање да се оствари побарувањето или на друг начин со пропуштање да се оствари, ги повредил своите должности при управувањето на правно лице Друштво за земјоделско производство, трговија и услуги С-КОМ извоз-увоз ДООЕЛ с.Росоман на начин што како одговорно лице-управител на правното лице извршил продажба на земјоделски производи на купувачи од странство кој се неспобни за плаќање за вкупна сума во износ од 6.756.637.оо денари и извршил продажба на земјоделски производи на домашни правни лица за вкупна сума во износ од 273.000.оо денари. Тој пропуштил да ги оствари и да ги наплати побарувањата од тие правни лица во вкупен износ од 7.029.585.оо денари па ги повредил своите должности при управувањето на правно лице, па поради тоа правното лице паднало во тешка финансиска состојба и не повел никаква постапка за обезбедување , наплатување и остварување на побарувањата за вкупна сума во износ од 6.756.637.оо денари на купувачи од странство како должници и 273.000.оо денари како должници од домашни правни лица.

Пријавениот користејќи го своето законско право производите на друштво ги продал во странство за сума во износ од 6.756.637.оо денари и дел продал на домашниот пазар па пријавениот и покрај таквата состојба не повел постапка за присилна наплата на побарувањето.

Сознанијата кои што ги имало оштетеното правно лице оделе во насока дека пријавениот овие средства ги наплатил од купувачите во странство на начин што при испораката на земјоделските производи парите му биле предавани на шоферот на рака кој ги доставувал производите и потоа истиот му ги предавал на управителот, додека за производите на македонските правни лица дека купопродажната цена била плаќана

исто на рака, или со цесии кои што плаќања не биле евидентирани во книговодствената евиденција на правното лице чиј управител бил пријавениот кој на таков начин пријавениот се стекнал со противправна имотна корист.

Ова дејствие на Злоупотреба е сторена со сторување и со несторување постои меѓусебно испреплетување со преземање и непревземање на дествија со кои се остварува противправна корист за пријавениот кој имал обврска примените средства од продажбата уредно да ги внесе на сметката на друштвото или пак да превземе благовремено дејствија за присилна наплата на побарувањата. Токму непревзевемањето и неповедување на присилна наплата против лицата на кого им се продадени земјоделските производи во странство и против домашните должници од страна на пријавениот говори за фактот дека управителот како пријавено лице тие средства ги наплатил, но парите не ги евидентирал во сметката и книговодствената евиденција на друштвото.

Пријавениот користејќи го законското право кое како управител ја спровел продажбата на земјоделски прозводи, но свесно пропуштил да ги оствари и да ги наплати побарувањата од тие правни лица, ги повредил своите должности при управувањето на правно лице па поради тоа правното лице паднало во тешка финансиска состојба или пак наплатените средства не ги внел на сметката на друштвото, иако ги наплатил па за себе се стекнал со противправна имотна корист. Пријавениот како управител ја искористува свесно и намерно својата службена положба и овластување со цел да предизвика штета на своите доверители и ги задржува паричните средства за себе.

Наплатувањето на парични средства во име и за сметка на правното лице, но задржување на тие парични средства за себе, претставува злоупотреба на одговорното лице во правното лице и предизвикува штета трети лица, во конкретниов случај на своите доверители.

Токму овие дејствија на правење и со непревземање и со неправење претставува ,,Злоупотреба,, на својата службена положба и овластување како управител и одговорно лице.

Намерното и свесно непревземање на постапка за присилна наплата спрема должниците на друштвото, говори за смислено постапување на управителот на

друштвото, затоа што ако не биле наплатени овие средства од странските купувачи, нема причина ниту сомнеж да не поведе постапка за присилна наплата управителот како одговорно лице и ова преставува еден од начините и видовите на ЗЛОУПОТРЕБА на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица.

Во случајов, пропуштањето да ги оствари и да ги наплати побарувањата од тие правни лица во вкупен износ од 7.029.585.оо денари основано говори дека ги повредил своите должности при управувањето на правно лице па поради тоа правното лице паднало во тешка финансиска состојба и ова претставува дејствие на злоупотреба на самиот управител како пријавено лице.

Токму дискреционото право што го има како одговорно лице му дава за право да склучува договори, но му дава и обврска да превзема дејствија за присилна наплата, ако побарувањето не се плати во определен рок. Ваквиот начин на постапувањето со побарувањето на правното лице должник претставува злоупотреба и има една и единствена цел - стекнување на противправна корист за управителот или за нему блиско лице и предизвикување на штета на доверителите на правното лице.

Во случујов Злоупотребата на одговорното лице не е само што пропуштил да ги оствари и да ги наплати побарувањата од тие правни лица па ги повредил своите должности при управувањето на правно лице па поради тоа правното лице паднало во тешка финансиска состојба, злоупотребата се појавува и преку тоа што управителот ако ги наплатил тие средства, не ги внел на сметката на правното лице, туку си ги задржал за себе, за свои лични потреби.

Елементите, видовите, подоблиците на Злоупотребата се најразлични !!!

5.5 -ПРИМЕР 5 за злоупотреба од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми, видови и појави

Видно од поднсената кривична пријава оштетениот содружник како физичко лице во правното лице до надлежниот ЈО поднело Кривична пријава против пријавениот Н.Н како одговорно лице-управител и Н.Н како раководител и одговорно лице

ЗАТОА ШТО

Во текот на 2013 година првопријавениот Н.Н од Велес во својство на овластено службено лице управител и истовремено и основач-содружник во правното лице Друштво за трговија и услуги В З Велес во Велес, а второпријавениот Н.Н од Велес во својство на одговорно лице раководител на СТП при правното лице кое правно лице е со посебни овластувања по закон за вршење на дејност т.п.в па првопријавениот ИС најпрво го вработил лицето Н.Н од Велес на работно место контролор, а кој му е во роднинска врска во прв степен по странична линија (зет за ќерка), иако знаејќи дека ова лице Н.Н не ги исполнува посебните пропишани услови за работа во делот на стручниот кадар и дека нема добиено лиценца и овластување од МВР на Р.М, односно дека нема завршено соодветно средно стручно образование или високо образование и нема добиено овластување за стручно лице, дозволил и наредил ова лице НН од Велес потпишува потврди и записници за извршен т.п.в и покрај тоа што го немал овластувањето од страна на МВ,Р ако и поради тоа што пријавените дозволиле на Потврдите за извршен преглед на ПМЦ да се потпишуваат само од страна на еден контролор и тоа Н.Н, затоа што не набавиле соодветна техничка опрема за вршење на технички предглед за сите возила и тоа не набавиле: Уред за спектрално мерење на боите (спектрофотометар), Уред за заштита од пожар и потенцијални експлозивни атмосфери во каналот, Уред за испитување на непропустливост на плинска инсталација (детектор за плин),уред за контрола за најголема брзина на мопедите кој се опремени со варијабилни елементи на трансмисијата на погонското тркало, уред за испитување на системот на сопирање на мопедите и моторциклите, нема обезбедено подршка на податоците од извршениот технички преглед на возилата (не може да се поврзе уредот за контрола на интезитетот и насоченоста на светлата (реглоскоп) па првопријавениот ЦС како управител и овластено службено лице во правното лице Друштво за трговија и услуги В З Велес во Велес кој со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување и со неизвршување на својата службена должност прибавил за друг имотна корист во вршење на неговото посебно овластување или должност определено со закон со повреда на законските прописи за судир на интереси или за совесно постапување при вршење на дискреционо овластување, со пропуштање на должен надзор или на друг начин очигледно несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности па не ги набавил потребните инструменти, а на содружниците-оштетените и на самото правно лице Друштво за трговија и услуги ВЗ Велес му нанале материјална штета, а второпријавениот Н.Н делото го сторил во вршењето на неговото овластување

или должност определено со закон со повреда на законските прописи за совесно постапување при вршењето на дискреционото овластување, со пропуштање на должен надзор или на друг начин очигледно несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности како раководител на СТП при В З Велес во правното лице Друштво за трговија и услуги ВЗ Велес не го спречил и дозволувал да лицето НН да врши потпишување на Потврдите за извршен ТП ПМВ и записници во својство на контролор, иако истиот не ги исполнувал условите и немал овластување за контролор од МВР на Р.М. како и поради тоа што дозволил да се врши и вршел технички предгледи на моторни возила без притоа да се набаваат цитираните инструменти па поради овие дејствија на пријавените на правното лице Друштво за трговија и услуги ВЗВелес му е изречена два пати забрана за вршење на технички преглед како овластеното правно лице и му е определен рок од два пати по 30 дена да ги отстрани утврдените недостатоци по извршениот надзор на работата на станицата за технички преглед со Решенија донесени од МВР на Р.М. Со тоа пријавените ја злоупотребиле својата службена положба и овластување постапувајќи спротивно на член 56, 64,65,66-А од Законот возила, а му причиниле штета на оштетените и на правното лице и до поднесувањето на ова пријава не ги отстраниле штетните последиците од нивните дејствија. (Кр.Пријава КО.бр.146/15 на ОЈО Велес)

Врз основа на увидот на поднесената Кривична пријава од содружниците на правното лице чиј содружник и управител бил првопријавениот и чиј вработен, одговорно лице и содружник бил второпријавениот, оштетените физички лица против пријавените поднеле кривичната пријава до надлежниот јавен обвинител.

Од описот на дејствието јасно се заклучува дека злоупотребата е превземена од страна на управителот на друштвото како и од страна на одговорното лице поставено од управителот на друштвото кои знаеле за состојбите опишани во пријавата, со повеќе поврзани дејствија ја сториле злупотребата која се става на товар.

Првопријавениот користејќи го своето законско право како управител вработил нему блиско лице кое не ги исполнувало условите предвидени по закон да ја врши функцијата која му била дадена, а второпријавениот како одговорно лице пак дозволил ова лице да ја врши оваа функција и да ги потпишува тие документи за кои не смеел тоа да го прави како и поради фактот што функцијата ја вршеле без притоа да имаат набавено соодветни исктрументи.

Сознанијата кои што ги имале оштетените оделе во насока дека пријавените свесно ги превземале овие дејствија, а со цел да биде одземена лиценцата на правното лице, а потоа на истото место првопријавениот управител да продолжи да ја врши дејноста со основање на друго правно лице и со таков начин првопријавениот да се стекне со противправна имотна корист.

Гледајќи го описот на ова дејствие на Злоупотреба, заклучуваме дека е комплексно и е сторена со делување и со неделување, односно со непревземање и постои меѓусебно испреплетување со превземање и непревземање на дествија со кои се остварува противправна корист за пријавените, а штета на содружниците.

Токму превземањето на опишаните дејствија со вработување на блиски лица од страна на првопријавениот без соодветна стручна квалификација и непревземањето на дејствија од страна на второпријавениот, преставуваат злоупотреба со учество на повеќе лица во една насока и една цел. Пријавените користејќи го законското право кое како управител и одговорно лице им е дадено по законот кој ја регулирал материјата, пријавените свесно со пропуштање ги повредиле своите должности при управувањето на правно лице па поради тоа на правното лице му било одземена лиценцата за работа.

Опишаните дејствија се комплексни, сложени и поврзани и преставуваат заедница од мноштво противправно превземени дејствија кои имаа една цел ,,Злоупотреба,, на својата службена положба и овластување. Намерното и свесно превземање на дејствија кои имаат за цел одземање на лиценца за смислено постапување на управителот на друштвото и на нему блиско лице, па затоа нема причина, ниту сомнеж за поврзаноста помеѓу пријавените и ова преставува еден од начините и видовите на ЗЛОУПОТРЕБА на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица.

Во случајов пропуштањето на должниот надзор или свесно непревземање на дејствија при управувањето на правно лице, па поради тоа на правното лице му е одземена лиценцата за работа, е резултат на дискреционото право што го има како одговорно лице управителот кому му е дадено право да ја врши функцијата, но и обврска тоа вршење да биде во согласност со закон.

Ваквиот начин на постапувањето претставува злоупотреба и има една и единствена цел: стекнување на противправна корист за управителот или за нему

блиско лице и предизвикување на штета на останатите содружници на правното лице.

Во случајов Злоупотребата на одговорните лица не е само што се превземени дејствијата, злоупотребата се појавува и преку тоа што управителот преку свое блиско лице ги превзел дејствијата во насока на нејзино остварување.

Елементите, видовите, подоблиците на Злоупотребата се најразлични !!!

5.6- Компаративен преглед

Со компаративниот преглед на Законските решенија ќе се утврди како е регулирана Злоупотребата на службена положба и овластување кај нашите соседни држави.

Па така во **Српскиот Кривичен законик** „Злоупотребата на службената положба и овластување„ е регулирана во член 359 објавен во нивниот Службен Весник и истата е означена идентично како во нашиот кривичен законик. [48]

Од содржината на членот во Српскиот Кривичен законик може да се заклучи дека е построг во казната затвор која е предвидена за „Злоупотребата на службена положба и овластување“ во однос на македонското законодавство. Разликата се однесува и во поглед на определувањето на потешката форма на санкција. За Српскиот Кривичен законик стои јасно дека определена сума која претставува основ за утврдување по кој став од цитираниот член ќе биде гонет пријавениот, додека кај македонското законодавство е карактеристично дека определувањето на тежината по кој став се определува врз основа на просечната нето плата согласно членот 122 од КЗ . Кај српскиот законик зпоупотребата во поглед на државни фирми или друштва е опфатено само под ставот 1, додека во македонското законодавство е даден посебен став во кој јасно е определено по кој став ќе биде гонет пријавениот или пријавените.

Во **Хрватскиот Кривичен законик** „Злоупотребата на службената положба и овластување“ е регулирана во член 337 објавен во нивниот службен Весник и на истата името и е „Злоупотребата на положбата и овластувањето„ [49]

[48,49] „Zloupotreba sluzbenog polozaja,, Dragan Jovasevic, Tarik Hasimbegovic Beograd Institut za kriminoloska i sociloska istrazivanja 2002, ,,Zloupotreba sluzbenog polozaja,, Dragan Jovasevic, 2005,, Zloupotreba sluzbenog polozaja u lokalnoj samoupravi ,, Dragan Jovasevic 2008, член 359 објавен во нивниот Службен Весник и истата е означена идентично како нашиот кривичен законик „Službeno lice koje iskorišćavanjem svog službenog položaja ili ovlašćenja, prekoračenjem granice svog službenog ovlašćenja ili nevršenjem svoje službene dužnosti pribavi sebi ili drugom fizičkom ili pravnom licu kakvu korist, drugom nanese kakvu štetu ili teže povredi prava drugog,kazniće se zatvorom od šest meseci do pet godina.,,,,Ako je izvršenjem dela iz stava 1. ovog člana pribavljena imovinska korist u iznosu preko četristopedeset hiljada dinara,učinilac će se kazniti zatvorom od jedne do osam godina.,,Ako vrednost pribavljene imovinske koristi prelazi iznos od milion i petsto hiljada dinara,učinilac će se kazniti zatvorom od dve do dvanaest godina.,

Содржински нема разлика споредувајќи ги со македонската одредба:

Споредувајќи го Хрватскиот Кривичен законик во делот кој се однесува за злоупотребата со законската одредба од Македонскиот Кривичен законик може да се заклучи дека се работи скоро за идентични одредби и во оглед на битието на делото и во поглед на предвидената казна во случај на осуда и во однос на одредувањето на штетата за одредување на казната во поглед на висината.

Во **Кривичниот законик на Федерацијата Босна и Херцеговина** одредбата која се однесува за “Злоупотребата за службена положба и овластување“ се наоѓа во член 220 од Кривичниот законик и на истата името и е: ,,Злоупотребата на положбата и овластувањето,, [50]

[49 , 50] Хрватски Кривични законик член 337 објавен во нивниот службен Весник и истата називот е и е ,,Zlouporaba položaja i ovlasti,,,,Službena ili odgovorna osoba koja s ciljem da sebi ili drugoj pravnoj ili fizičkoj osobi pribavi kakvu neimovinsku korist ili da drugome prouzroči kakvu štetu iskoristi svoj položaj ili ovlast, prekorači granice svoje ovlasti ili ne obavi dužnost, kaznit će se kaznom zatvora od tri mjeseca do tri godine ,, ,,Ako je kaznenim djelom iz stavka 1. ovoga članka prouzročena znatna šteta ili je došlo do teže povrede prava drugoga, počinitelj će se kazniti kaznom zatvora od šest mjeseci do pet godina ,, ,,Ako je kaznenim djelom iz stavka 1. ovoga članka pribavljena imovinska korist, počinitelj će se kazniti kaznom zatvora od jedne do pet godina ,,. ,,Ako je kaznenim djelom iz stavka 1. ovoga članka pribavljena znatna imovinska korist, a počinitelj je postupao s ciljem pribavljanja takve koristi ili je prouzročena šteta velikih razmjera, počinitelj će se kazniti kaznom zatvora od jedne do deset godina,, Кривичниот законик на Федерацијата Босна и Херцеговина член 220 ,,Zloupotreba položaja ili ovlaštenja,,Službeno ili odgovorno lice u institucijama Bosne i Hercegovine, koje iskorištavanjem svog službenog položaja ili ovlaštenja, prekoračivši granice svog službenog ovlaštenja ili ne izvršivši svoje službene dužnosti, pribavi sebi ili drugom kakvu korist, drugom nanese kakvu štetu ili teže povrijedi prava drugog, kazniće se kaznom zatvora od šest mjeseci do pet godina ,, ,,Ako je krivičnim djelom iz stava 1. ovog člana pribavljena imovinska korist u iznosu koji prelazi

10.000 KM, počinilac će se kazniti kaznom zatvora od jedne do deset godina ,,,,Ako je krivičnim djelom iz stava 1. ovog člana pribavljena imovinska korist u iznosu koji prelazi 50.000 KM, počinilac će se kazniti kaznom zatvora najmanje tri godine ,,Pribavljena korist oduzeće se.

Во ова законодавство имаме карактеристична состојба, затоа што злоупотребата на службената положба и овластување се однесува само за институциите на федерацијата додека Злоупотребата на службена положба и овластување во поглед службени и одговорните лица кај приватните субјекти се регулирани во Кривичните законици на Републиките. Заради компарација ќе се претстави членот 315 од **Кривичниот законик на Република Српска** кој е со име „Злоупотребата на службена положба и овластување" одредува дека: „Службено или одговорно лице кое, користејќи ја својата службена положба или овластување, надминувајќи го ограничувањето на неговото службено овластување или не ја извршува својата службена должност, стекнува некаква корист за себе или за други, му штети на друг или сериозно ги нарушува правата на друг, ќе биде казнет со затвор од една до пет години. со делото од ставот 1 на овој член се стекнал со материјална корист во износ поголем од 10.000 КМ, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години, а доколку тој износ надминува 50.000 КМ, ќе се казни со затвор од две до дванаесет години. 1 и 2 на овој член, странско службено лице или одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво или врши активности во Република Српска, или лице кое врши активности од јавен интерес доколку делото е сторено за време на вршењето на нејзиното овластувања или должности, Доколку делото од став. 1, 2 и 3 на овој член се извршени за време на јавни набавки или на штета на буџетот на Република Српска, јавните средства или други јавни средства, сторителот ќе се казни со затвор од три до петнаесет години. [51]

Споредувајќи го членот 315 од Кривичниот законик на Република Српска може да се види дека не постои разлика на членот со одредбата од член 353 од Македонскиот Кривичен законик како во поглед на битието на делото, така во поглед на неговите варијации, односно подоблици. Разликата се појавува само во строгоста на казната затвор која се предвидува во Кривичниот законик на Република Српска со казната затвор во Македонскиот Кривичен законик. Разликата е евидентна **Македонскиот Кривичен законик Е ПОБЛАГ !!!**

---

[51] Види член 359 во српскиот Кривичен законик за ,, Злоупотребата на службената положба и овластување , Види член 337 од во Хрватскиот Кривичен законик за „Злоупотребата на службената положба и овластување , види член 220 од Кривичниот законик на Федерацијата Босна и Херцеговина за Злоупотребата за службена положба и овластување , види член 315 од Кривичниот законик на Република

Српска, види коментар на КЗ од Никола Тупанчески,види Кривично право–посебен дел В.Камбовски , види Кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ во судската практика Тодор Витларов, ,,Odgovornost pravnih lica u krivicnim pravu Bosne i Hercegovine,, Dragan Jovasevic 2006,

5.7 -Превентивен механизам

Што се однесува за превентивниот механизам за намалување на Злоупотребите и нивната појава, може да се каже следново: За да се објасни гледиштето за превентивно постапување заради намалување на Злоупотребите на службената положба и овластување, ќе се послужиме со една македонска изрека која гласи:

,,РИБАТА СМРДИ ОД ГЛАВАТА ,,

Па така и предложената превентива може и мора да успее само ако има политичка волја и консенсуз да се раскрсти со Злоупотребите на службената положба и овластување.

Сведоци сме сите дека во нашата држава законите се донесуваат заради потребите на поединци, а не по начелото на владеење на правото, правда и правичност и не по начелото на правна сигурност.

Согледувајќи ги општи прилики, се заклучува дека за вршители на јавни функции, раководни места, во државни институции и јавни претпријатија се избираат лица кои најчесто се криминалци, терористи, измамници, лица на работ или на границата на нормалното однесување, без соодветно образование, или никакво образование, лица склони кон правење на кривични дела итн.

Сега сигурно се прашувате зошто ова се пишува и од каде ова како заклучок.

Секојдневното телевизиско прикажување на судските ходници и читање на дневни весници и интернет портали го потврдуваат опишаното гледиште на погоре наведените околности. Имено, ваквата состојба се појавува како резултат дека политичка партија или гарнитура која е на власт избира сомнителни карактери и лица кои ќе можат прво себе потоа и највисоките политички кругови да извадат и заработат поголема количина на пари за да можат себе и оние кои таму ги поставиле да ги ,,обезбедат ,, со доволно кеш за мирно и богато да го проживеат остатокот од својот живот.

Се појавува заклучок дека овие лица имаат една мисла, а таа дека цитирам:

„Сега си власт и никогаш повеќе, обезебеди се себе и своите околу себе за до крајот на својот живот„

Па оттука се започнува гледиштето од каде треба да се превенира, започнуваат и постапките кои треба да се превземаат. Нема разлика во погледите на овластените лица и управители без оглед дали се приватни или државни субјекти, разликата се јавува само во методите на постапување при превенирање на појавата.

Па така кога се започнува една постапка за унапредување и за намалување на криминалните активности, секогаш се смета дека треба да се започне од оние кои што треба да гонат, процесуираат или на друг начин учествуваат во превентивата за намалување на кривичните дела поврзани со Злоупотребата.

Па така знаејќи дека Јавниот Обвинител во нашата држава го бира Собранието по предлог на Владата, превентивната улога би се започнала од овде.

Јавен Обвинител да се избира од независно тело во случајов Советот на јавни обвинители и право на конкурирање за избор на Јавен обвинител на нашата држава на лица кои имаат докажано стручно познавање со повеќегодишно активно учество во јавно обвинителската и судската власт и истиот да се избира со 2/3 мнозиноство од Советот на јавното обвинителство без примена на методот на Бадинтер.

Советот на јавни обвители да биде сочинет од лица кои се во јавно обвинителската фела, вработени јавни обвинителства или пензионирани обвинители со докажи резулатати во работата или пензионирани адвокати со докажани резултати во работата.

Намерно се вели пензионирани адвокати да се исклучат од секакво можно влијание во текот на работа.

Изборот на јавни обвинители да биде од редот на правници со положен правосуден испит со минимум 10 години претходно искуство во судски постапки и со наполнети минимум 40 години старост или адвокати со 10 годишно искуство по претходно спроведена стручна евалуција во поглед на знаењето на кандидатите. Истражни и помошни соработници од редот на испектори кои ќе бидат доделени на обвинителствата во поглед на прибирање и пронаоѓање на докази поврзани со

Злоупотребите на службените положби и овластување. За овие лица да бидат избрани правници со положен правосуден испит, со претходно работно искуство од 5 години во кривична или судска материја (се мисли на стручни соработници од судови, обвинителства, стручни соработници кај адвокати, итн) [52]

Квалитетна инспекциска служба со соодветно правничко и економско образование со минимум 5 години искуство во материјата која ќе ги детектира состојбите на терен преку редовни контроли со изготвување на соодветни статистички податоци која служба ќе биде избрана надвор од секоја партиска можност за влијание со строги услови за избор на кандидатите и се разбира сооодветно плаќање за да се тргне секоја можност за корупција. Промена и усогласување на законите со европските практики и прецизирање на домашните закони во поглед на јасна дефиниција на правата и обврските на трговските субјекти со точна определба што е дозволено, а што им е забрането на трговските субјекти и нивните управители , содружници и одговорни лица.Има разлика во поглед на превентивата која се однесува за правни лица чиј основач е државата или од нејзе основани органи и правни лица чии основачи се домашни или странски физички или правни лица. Па така, кај правни лица чиј основач е државата или од нејзе основани органи, за орган за управување да биде избрано лице со соодветно стручно образование по претходно направена стручна евалуација за нивото на знаење за раководење на функцијата по претходно спроведен јавен оглас за кандидатите и избор на кандидат кој има најмногу поени, а не по слободен избор на оној што избира. Исто така многу јасна слика треба да даде и неговата економско финансиската состојба која треба да биде прикажана при изборот и на крајот на мандатот. Превентивно би влијаеле и годините на работно искуство и годините на старост и по став и мислење за одговорно лице не би требало да биде избирано лице кое претходно нема минимум 5 години работно искуство во наведената материја и минимум 35 до 40 години старост на кандидатот кој се избира. Ова претходново за годините на старост и искуството не би имало влијание кај правните лица со приватен капитал и за се смета дека само со една единствена мерка би дала значителни резултати, а тоа основачите и содружниците да одговаараат солидарно за долговите на правните лица и на таков начин сметаме дека Злоупотребите значително би се намалиле затоа што согласно сегашната состојба основачите и одговорните лица во правните лица ги користат правните лица за лично богатење.

[52] За поимот Јавен обвинител види одредби од Законот за јавното обвинителство под број 42/2020 и Закон за Кривична постапка Сл.Весник бр150/2010, 100/12,142/2016 193/2016 198/2018 ;

Се искористува состојбата дека одговорните лица и управителите не одговараат за долговите на правното лице и поради тоа на најразличен начин се наоѓаат постапки како да се злоупотреби состојбата и противправно да се присвои имотот на правното лице како свој личен имот преку најразлични трансакции на одговорните лица.

Во погоре истакнати ставови како што е кажано само со тоа што одговорните лица и управителите ќе одговараат за долговите на правното лице, мислам дека првентивно би се влијаело, затоа што одговорното лице на правното лице солидарно ќе одговара за долговите на правното лице и оттука злоупотребите би се намалиле, затоа што секој би се размислил дали да ја злупотребува својата положба како овластено лице заради избегнување на плаќањето со злоупотреби и кога одговорното правно лице би одговарало солидарно со правното лице, Злоупотребите би биле непотребни. Превентивата навидум изгледа сложена и тешко остварлива, но мислењето е дека реалноста е сосема нешто друго, а тоа е дека има недостиг на политичка волја за промена во овој дел, затоа што ако се направат клучните промени во трговски односи, политичките партии не би имале многу простор и средства да го злоупотребуваат правото во управување на правните лица. Тогаш, кога одговорното лице солидарно одговара за обврските на правното лице и однапред би биле познати правата и обврските на субјектите во трговските односи, секоја злоупотреба би довела и до граѓанска и до кривична одговорност на одговорните лица и би имале јасна насока поубаво да ги исполнат своите обврски од трговските односи правните лица, отколку тие како солидарни должници да одговараат за обврските на правните лица.

6.Осврт врз докази за злоупотреби од страна на одговорните лица кај правните лица во најразлични форми , видови и појави и начините на нивно превенирање

6.1-Дефиниција за доказ

Во насока на стручната тема битно е да се напоменат и доказите кои ни се потребни за да ги докажеме Злоупотребите на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица. [53]

[53] За поимот Докази види одредби од член 205 до 260 од ЗКП,

Конкретна дефиниција за доказ како поим скоро и да не постои и доказите се сметаат за средства врз основа на кои правосудните органи можат да утврдат дали определен факт, состојба, појава и битие е случено сторено или направено или воопшто дали се случило за да може врз основа на утврденото да се утврди дали е сторено кривично дело или не, односно дали во дејствијата на пријавеното или осомниченото лице се содржани битните елементи на кривичното дело што се става на товар. Во контекст на тоа доказите не би биле различни од оние кои што ги признава законодавецот во рамките на кривичната постапка и оние кои се признати во рамките на европското право изразено преку европската конвенција за човекови права и нејзините протоколи како составен дел;

6.2-Поделба на докази

Па така доказите може да ги поделиме на :

-материјални докази

-вербални докази;

Во материјалните докази спаѓаат сите писмени исправи, Наоди и Мислење од вешти лица, екпертизи, документации кои имаат својство на приватни или јавни исправи признати по Законот за Кривичната постапка и Европската Конвенција за човековите права, а во вербалните докази спаѓаат искази на сведоци, пријавени, обвинети, заштитени сведоци, оштетени лица од кои може да се утврди правилно фактичката состојба; Генерално согледувањето на стручната јавност е дека многу битно е прибирањето на доказите во прав момент и во право време и тоа да биде на законит начин, преку правилна и со закон водена постапка и тоа да го водат јавните обвинители кои постапуваат во соодветна постапка. Исто така не е мало и влијанието и на доказите на оштетените кои што можат да ги презентерираат на Јавните Обвинителства, бидејќи тие докази претставуваат почетна состојба од каде би се согледало дали дејствието е Злоупотреба или не. Голем проблем преставува и неправилно толкување или анализирање на доказите од страна на Јавните обвинители и судовите, затоа што сме сите па и јас сведоци дека имаме различни аршини на прифаќање на доказите и нееднаков пристап и анализа на самите докази од страна на органите на прогон. [54]

(ОВОЈ Е НАШ ЌЕ МУ СЕ ПОМОГНЕ, ОВОЈ Е ОД ДРУГАТА ПАРТИЈА УНИШТИ ГО) Ова се наведува дека субјективниот елемент на анализа и обработка на доказите од органите на прогон има значително влијание во законитоста и правилноста на постапката во утврдување на Злоупотребата како кривично дело.

(АКО ПАРТИЈАТА Е ПОЗАДИ, ТЕБЕ НИКОЈ НИШТО НЕ ТИ МОЖЕ)

И ова како парола практично има најголемо влијание во постапките при Злоупотребите на службените положби и овластување како доказно средство. Поради тоа како заклучок може да се каже дека доказите без оглед дали се материјални или вербални, треба да бидат насочени да обзебедат цврст аргумент како причина и факт дека дејствието на пријавениот претставува Злоупотреба на службена положба и овластување од кое дејствие треба да има некој прибавено корист, а некој да има претрпено штета. Многу битно е да се каже дека не може да им се остави дискрециono право на органите на прогон па и на судовите кога постапуваат во поглед на злоупотребите кои факти треба да ги утврдат од доказите. Ова треба да биде поврзано со тоа од доказите да се утврдуваат факти што навистина можат да се утврдат (НАЧЕЛОТО НА МАТЕРИЈАЛНА ВИСТИНА), а не да се остава право на слободна оцена на доказите. Токму преку слободна оцена на доказите, самите докази во поглед на Злоупотребата се дерогираат и се маргинализараат и од нив се изведуваат факти спротивно на она што навистина може да се утврди од доказите, а и спротивно да се пренагласуваат одредени факти со цел да се пресмета со некој неподобен субјект кој што е предмет на анализа дали Злоупотребил или не во насока дали тој да биде уништен или спасен како трговски субјект, односно како одговорно лице.

7.Анализа на состојбата во Република С.Македонија.

7.1-Претставување на состојбата при изработка на магистерскиот труд

Претставувањето на состојбата во нашата држава ќе бида направено на поедноставен начин.

[53 и 54] За поимот Докази види одредби од член 205 до 260 од ЗКП, види Македонско Кривично право–општ дел Ѓ.Марјановиќ, види Кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ во судската практика Тодор Витларов - Двојба во корист на обвинетиот виновен надвор од разумно двоумење 2016 година Зоран Димитриевски, Радмила Драгичевиќ-Дичиќ, Џанфранко Гало, Мајкл Г.Карнавас , Ружица Николовска , Гордан Калајџиев , Денис Пајиќ, - Докази и приговори домашни и меѓународни стандарди 2016 Мајкл Г.Карнавас Незаконитите докази во казнената постапка –Правна Анализа 2018 Гордан Калајџиев, Беса Арифи, Александар Маршавелски , Андреј Божиновски.

За да се види состојбата во нашата држава во поглед на Злоупотребата на службената положба и овластување доволно е да се погледне Билтенот на МВР, дневните весници, интернет порталите.

Ќе се добие комплетна слика на која состојба е нашата држава во поглед на Злоупотребите на службената положба и овластување.

Исто така доволно е да се анализираат состојбите пред избори и после избори каде детално се изнесуваат Злоупотребите на службената положба и овластување помеѓу политичките неистомисленици. Тогаш со полна пареа се поднесуваат кривични пријави и се поведуваат постапки, партите се обвинуваат помеѓу себе за нивните кадри и може точно да се согледа состојбата.

Свесно не се употребуваат статистички податоци изготвени од Заводот за статистика, затоа што и во нив не се прикажани реално состојбите и зависи од годините дали има промена на власт или една иста партија повеќе години раководи со нашата држава.

Затоа со методот на перцепција преку Билтенот на МВР, дневните весници, интернет порталите ќе се обидаме да ја претставиме состојбата. Оваа состојба на „Хаос“ е долгогодишна и во прогресија, не во било каква прогресија, туку галопирачка прогресија.

Злоупотребите на службената положба и овластување како кривично дело спаѓаат во групатата на топ 3 кривични дела по нивна зачестеност заедно со кривичните дела Тешка Кражба и Кражба и Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци. Разликата е во тоа што Злоупотребата на службената положба и овластување спаѓа и во групата на најмалку поведени и правосилно завршени кривични постапки против пријавените. [55]

Гледајќи ги буџетите на јавните институците преку јавните набавки поврзано со обртот на пари преку приватните компании и друштва и Буџетот на државата, се доаѓа до заклучок дека има премногу Злоупотреби кои се дозволуваат, затоа што се одобрени од врвот на власта.

[55] За поимот на злоупотребата види Кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ во судската практика Тодор Витларов

Како пример ќе се земе еден настан и јавен оглас за јавна набавка во кој една наша државна компанија бара услуга за 4 ровокопачи по цена од 4 милони и 350 илјади евра за една година.

Заклучокот на стручната јавност е дека со тие пари државна компанија наместо да ангажира приватно правно лице, може да набави за тие пари и со нив да се служи во иднина минимум 5 години.

Ова е само еден мал сегмент во која состојба се наоѓа нашата држава.

Ако се знае дека оваа наша држава има органи на прогон и органи на контрола и ако се знае дека сите тие одговорни лица на правни лица се поставени и избрани од органите на државната власт, кој пак органи се избрани на непосредни избори, и ниту еден не е санкциниран поради таквото постапување, јасно е која е состојбата.

Значи, државните компании избираат приватни правни лица да ја вршат дел од функцијата за која што се основани.

Оваа е таа состојба !!!!

Резултатот е Злоупотреба на службена положба и овластување од огромни размери со огромни штети на граѓаните, затоа што Буџетот се полни од пари на граѓаните, а со ваквите постапки се извлекуваат парите за лични цели.

Галопирачката состојба е таква, затоа што се подигнуваат кредити за инвестициско вложување, а на крајот имаме ангажирање на приватна компанија која треба да извршува јавна услуга.

Во контекст на ова е поведената и завршена постапка со еден наш познат бизнисмен кој беше во врска со една позната хрватска пеачка .

8.Заклучоци , согледувања и препораки

8.1 Заклучоци

Како заклучок на погоре истакнатиот магистерски труд за тоа какво е влијанието на ,,Злоупотребата на службената положба и овластување кај правните лица од одговорните лица, колку е зачестеноста и какво е влијанието на злоупотребите во деловните односи на трговските субјекти, дојдовме до следниов заклучок:

Влијанието на Злоупотребата е огромно и со галопирачка стапка се уништуваат трговските односи помеѓу трговските субјекти.

Не постои совесност и еднаквост во трговските односи.

Поголемиот дел во трговските односи се базираат на корупција, преку злоупотребите одговорните лица имаат една цел, а тоа е да се стекнат со противправна имотна корист лично за себе или за друг, или било каква друга материјална имотна корист.

Ваквата катастрофална состојба особено е изразена во трговските односи каде како учесници се појавуваат државни или јавни претпријатија.

Практично невозможно е да се започне нормална соработка со државно или јавно претпријатие, затоа што мора однапред да бидете „препорачани“ кај одговорното лице.

Плаќањето на извршената услуга од државното или јавното претпријатие од приватните субјекти скоро никогаш не се изведувало во предвидените рокови спрема нив.

Се јавувуваат повеќе годишни соработки без ниту еден исплатен денар од државното или јавно претпријатие кон приватното друштво или пак набавка на стока и обратно, продажба на стока и услуги по однапред високо определени цени веднаш и авансно платени.

„Дај провизија„ или „Колку е мојот дел„ се првиот и основен услов при почетокот на трговската соработка помеѓу државно или јавно претпријатие со приватен субјект.

Тоа е почетокот НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ остатокот е само продолжување на истата злоупотреба.

Резулатотот е богати одговорни лица -директор, а празни и до гуша задолжени државни или јавни претпријатија!!!

Сето тоа се одвивало и се одвива под будното око на ГЛАВНИОТ, ПАПАТА ИЛИ СЕВИШНИОТ- ГЛАВНИОТ НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ВЛАСТ ЗАЕДНО СО НЕГОВАТА КОАЛИЦИЈА.

Никој не може да направи ништо без нивно одобрение.

Кај приватните субјекти злоупотребите на службената положба и овластување главно се насочени ,, да се закрпат“ трговските соработници со изреката „И мене не ми платија што да правам“ со цел имотот на друштвото да се пренесе во приватниот џеб.

Се гледа дното на ваквите постапки, резултатите се гледаат:

Пропаднати фирми, богати поединци и измамени стопанственици со задолжени газди !!!

8.2-Согледувања

Зачестеноста на Злоупотребите во трговските односи е секојдневна и галопирачка, не се бираат ниту методи, ниту начини.

Многу важен и битен елемент е и било политичкото влијание кај Злоупотребата на службената положба и овластување како појава која очигледно многу лошо влијае врз трговските односи.

Ова политичко влијание има неколку битни точки: како истото се прави и главно влијанието се појавува во неколку сегменти од каде потоа се контролира Злоупотребата на службенета положба .

Најпрво влијанието започнувало преку изборот на партиски кадри за лица кои ќе бидат овластени службени лица или одговорни лица кај државни или јавни претпријатија, основани преку државата или општините.

Колку е помоќно, побогато, влијателно друштвото, претпријатието или органот, толку е значително право пропорционално е влијанието на политиката при изборот на овластени службени лица или одговорни лица кај државните или јавни претпријатија, основани преку државата или општините. Во таа група на претпријатија спаѓаат МЕПСО, Централниот Регистар на РСМ, Агенцијата за катастар на недвижности, Јавното претпријатие за јавни и магистрални патишта, РЕК Битола, ТЕЦ Неготино, Македонија Пат-Скопје, сите скоро, сите јавни претпријатија основани од државата или општините кои се занимаваат со комунални дејности. Влијанието започнувало на начин што преку избраната политичка структура која е власт, без оглед дали е една или повеќе политички партии, се избираат кадри кои се членови на тие политички партии,

блиски лица на тие политички партии или заслужни лица кои на било каков начин придонеле партијата да дојде на власт.

По поставувањето на тие овластени службени лица или одговорни лица, тие се должни да ги спроведуваат политиките на власта.

Оттука започнува и секоја злоупотреба кај државни или јавни претпријатија основани преку државата или општините и трае се додека не бидат откриени или се додека таа политичка власт е на власт или додека истите злоупотреби не бидат откриени од граѓаните преку јавни осуди за да престанат злоупотребите. Во овој случај најчесто сите овластени службени лица или одговорни лица се или разрешени или пак сменети по откривањето на злопотребите.

Влијанието продолжувало на начин што овие избрани овластени службени лица, или одговорни лица кај државни или јавни претпријатија започнуваат трговски соработки основани преку државата или општините со лица блиски на партијата на власт и преку добро организирани меѓусебни врски, односи и пријателства започнуваат трговските односи.

Тие трговски односи не почиваат врз добро познати трговски начела, туку се засновани на коруптивни и воглавно недозволени методи преку кои се вршат трговски односи.

Овие трговски односи најчесто се доделувани на таканаречени човек фирми кои ги добивале тендерите или пак се ангажирани со непосредна спогодба кои услуги или трговски односи најчесто се многу високо определени или платени со цел паричните средства со кои располага трговското друштво основано од државата или општините да бидат испумпани и целокупниот годишен буџет на тоа друштво да биде потрошен. Најчесто тоа друштво или јавно претпријатие е високо задолжено.

Тие човек фирми потоа ангажирале други друштва од приватниот сектор кои најчесто се фирми кои одлично ја познаваат работата што треба да се изврши, односно да се спроведе трговската соработка, но овие ангажирани друштва услугата која треба да ја извршат најчесто ја вршат свесно, услугата со сомнителен квалитет или пак иако се нафатиле тоа го завршат во определен рок, тоа не го вршат во определениот рок и на таков начин услугата е извршена несоодветно. Ова претставува доказ за потврдата како влијае Злоупотребата на службената положба и овластување на трговските

односи, дека истата ги уништува, ствара сива економија, се влијае да трговските односи да се базираат врз измами, а не врз база на совесност.

Влијанието на политиката продолжува на начин што тие ангажирани фирми кои се повикани да ги извршат услугите во име и за сметка на човек фирмата, се блиски до политичка власт и најчесто тие друштва ги добиваат услугите.

Како пример за тоа би се земала ангажирањето на фирми за чистење на патишта кај општините. Најчесто тендерите се добивани од човек фирми кој со изнајмени камиони и товарни возила конкурираат на тендерот и потоа таа човек фирма услугата ја доверува на друго правно лице, блиску до власта која треба да го расчисти снегот или пак да расфрла сол.

Но, бидејќи тие ангажирани фирми, најчесто партиски избрани, услугата која ја извршувале не е на нивото кое треба да биде и поради партиската бликост се толерираат неправилно, недоволното и неквалитно извршувањето на договорните обврски.

Влијанието на политиката продолжува на начин што при условите на конкурирање не се бараат банкарски гаранции, не се бараат никакви сертификати за доказ за квалитет, туку единствено е битно препораката да биде од партијата. Како основач на друштвото кое е избрано најчесто се води лице кое е блиско на функционерот на власта, а неретко само про-форма се води фирмата на трето лице, а вистинската сопственост е на функционерот на власта и практично станува збор за исто лице. Не постои разлика и ова како злоупотреба е најтешкиот вид, затоа што функционерот злоупотребувајќи ја својата службена положба и овластување, сам за себе си ги одобрува трговските зделки.

Потоа влијанието продолжува на начин што ако се открие било каква злоупотреба од страна на овластеното службено лице и на истото му се поднесе било каква кривична пријава од страна на Министерството за внатрешни работи, преку политички врски се врши влијание врз органите на прогон на Јавното обвинителство или таа пријава да се отфрли или пак да се најде да се отстранат сите штетни последици од кривичната пријава.

Тоа не е слика кога ќе се смени партијата на власт, сликите се обратни, тогаш има суров прогон на политички неистомисленици, се наоѓаат дејствија кои иако не

преставуваат Злоупотреба на службена положба и овластување, се преставуваат како злоупотреба. Во главно, ниту едниот ниту другиот начин позитивно не влијае, трговските односи и едните и другите многу негативно и многу порозно влијаат на трговските односи. Ова затоа што додека да престанат еден тип на злоупотреби и да се прекине еден ланец на врски, се јавува нова злоупотреба понапредна, пософистицирана, многу подоба од старата.

Ниту едната, ниту другата злоупотреба не влијае позитивно на трговските односи, а напротив, со толку многу злоупотреби се уништува и степенот на конкуренција помеѓу трговските субјекти.

Се замира и се влијае дали да се започне одреден бизнис или не, се влијае на започнатите бизниси дали да се развиваат или не, се влијае дали да се инвестира или не. Во контекс на тоа е степенот на индекс на корупција за правење на бизнис, а ако пред неколку години тој степен на корупција беше понизок и нашата држава беше некаде во средината на табелата, денес тој индекс е многу висок и нашата држава важи за земја во која е корупцијата на многу високо ниво.

Разликите се евидентни во повеќе точки. Најнапред во степенот на владеење на правото и правната заштита на инвестицијата и трговските односи. Тоа се состојби кои се најлоши кај нас и сме рангирани на последните места пред се поради политизирањето на јавните функции, пред се оние кои што не смеат да бидат политички.

Влијанието на политиката понатаму продолжува да влијае на трговските односи преку донесувањето на закони кои влијаат врз трговските односи. Пред се многу брзиот економски развој на соседите придонесува и на многу брз развој на трговските односи и нивниот степен на нивна заштита и развиток. Донесените закони се многу нереални, со низок степен на напредок, делумно нестручни и несоодветни и во најголем дел даваат силна логистичка подршка само на најбогатите или определена група на луѓе блиска на владеачката.

Ова влијание е суштинско и многу тешко, влијае на трговските односи, затоа што влијанието е законско и многу тешко е да се бориш со нешто што произлегува од закон. Поради тоа имало иницирано многу Иницијативи пред Уставниот Суд на Р.М, но поради политизираноста на Уставниот Суд не се наоѓа правна заштита во овој дел.

Сосема приказна за себе претставува влијанието на трговските односи преку органите за утврдување и наплата на даноци.

Недоволната дорeченост на законите поврзани со трговските односи става посебно улога на Управата за јавни приходи.Тие знајќи ја ваквата состојба свесно користејќи ја својата положба, спроведуваат контрола врз трговските субјекти.

Вооружани со соодветни знаења во кој дел е недоречноста преку инспекцискиот надзор, вршат контрола на работењето на трговските субјекти, а со тоа и на директен начин влијаат кој ќе работи или не.

Многу лесно е во услови кога имаме недорeчености на закони да се казни одреден трговски субјект, затоа што нормата може да ја толкуваш како што сакаш, тоа е оставено на поединци. Ова како појава е многу распространа и многу лесно инспекторите со контролата изрекуваат многу високи глоби и со тоа преку изрекување на глобата практично трговскиот субјект не може да ја плати глобата доаѓа до блокирање на сметката од страна на УЈП и потоа се знае стечај.

Најчесто изречените и утврдени дополнителни даноци, казни и глоби биле толку многу високи што за нормален човек е тешко да ги заработи за целиот свој живот.

Со ваквиот начин се уништуваат трговските односи.

Управната или судската заштита во овие случеви била многу слаба и скоро и да немало никаква судска заштита во овие случаеви, што како придонес во уништувањето на трговските односи и те како влијае.

Понатаму влијанието на политиката продолжува со изборот на кадри кои ќе бидат лица кои ќе работат на унапредување на трговските односи. Најчесто тие избрани кадри во форма на службени или одговорни лица се лица кои се директно избрани од политиката, нивното ниво на познавање на трговските или деловните односи е многу мало, да не се рече минорно. Потребно е време тие лица да се запознаат со основите на трговските односи и сето тоа непознавање на трговските односи е многу лошо и негативно влијае врз трговските односи.

Постојат и многу други влијанија на политиката врз трговските односи и истите не се ниту мали, но не се ни премногу значајни.

Општата добра и здрава политичка состојба е основа за добра трговска база.

Колку е лоша политичка состојба, толку се лоши и трговските односи право пропорционално се поврзани , колку се подобри политичките односи толку подобри трговски односи имаме.

Многу лошо за нашата држава е што трговските односи зависат од политичката состојба, тие се директно испреплетени и поврзани.

Како Резулатат на тоа имаме СИРОМАШТИЈА.

Во Магистерскиот труд се потврдува главната теза, а тоа е дека:

„Злоупотребата се карактеризира со високо осмислена дејност по однапред замислена шема и дејствие“ која има за цел остварување на противправна имотна корист лично за себе или за друг или некква друга материјална корист.

Се потврди тезата во овој магистерки труд дека Злоупотребите влијаат врз трговските односи на начин што негативно влијаат врз трговските односи, се уништува совесниот пристап во трговските односи. Злоупотребата на службената положба и овластување кај правнитете лица од одговорните лица ги уништува деловните односи на трговските субјекти помеѓу себе, ги уништува трговски друштва, создава нелојална конкуренција, создава сива економија, ги подрива стабилноста на трговските односи и ги уништува деловните и трговските односи помеѓу учесниците во облигационите односи.

Заклучок може да се даде и на следниов начин:

Она што претставува лагата за меѓучовечките односи, тоа претставува злоупотребата за трговските односи, па ако на лагата и се кратки нозете и на злоупотребата и се кратки дејствијата.

Секој трговски однос што се темели врз база на злоупотреба не е одраз на совесно постапување. Последиците кои што се остават со злоупотребите на трговските односи се катастрофални врз економијата како и врз луѓето.

Одразот се гледа преку премногу пропаднати бизниси, задолжени луѓе уништена економија, шанси за напредок никакви, емиграција до недоглед, исселување на млади амбициозни луѓе за сметка на корумпирани политичари .

8.3 Препораки

Тенденција на трговските субјекти треба да биде преку законски измени на определи суштински закони да се дефинираат односите помеѓу трговските односи.

Основачите и управителите на трговските субјекти солидарно да одговаарат за долговите и обврските на правните лица;

Блиските лица на основачите и управителите на трговските субјекти солидарно да одговараат за долговите и обврските на правните лица, ако се докаже дека правниот субјект нема имот од кој што може да се наплати побарувањето и дека за време на случување на злоупотребата, имотот е пренесен на блиските лица на основачите и управителите на трговските субјекти или пак тие блиски лица немаат доказ за потеклото на имотот кој што го поседуваат.

Само на ваков начин може да се намалат злоупотребите на основачите и управителите на трговските субјекти и солидарно да одговараат за долговите и обврските на правните лица, тие и нивните блиски лица;

Вакво слично како постапка е познато во САД, нешто познато како општ банкрот и во кој основачите и управителите на трговските субјекти се обврзани солидарно да одговараат за долговите и обврските на правните лица, но и блиските лица на основачите и управителите, но како што кажав, кај нас влијанието на политиката е многу големо и многу потешко е ова да се реализира.

Редно е да се спомене дека нашиот законодавец во законот за даночната постапка предвидел вакво нешто и тоа почнува да функционира, но само кога даночниот доверител е Управата за Јавни Приходи.

Состојбите би се промениле драстично кога таква обврска би се однесувала и спрема сите лица и за меѓусебните односи.

Злоупотребите најчесто се јавуваат во недефинирани односи во кои трговските односи се базираат на измами, а не совесност.

Има уште еден начин за регулирање на трговските односи, а тоа се банкарските гаранции на превземените трговски односи, но тоа е многу тешко остварливо имајќи ги во предвид нивото на кое се наоѓаат трговските односи во нашата држава.

9.Преглед на литература која се користела при изработка на магистерскиот труд:

1.Бернард Хекер, „ Европско кривично право“(2010);

2. Бернард Бојкле Закон за кривичната постапка (2009);

3. Владо Камбовски Казнено право општ и посебен дел; (1998) година

4. Гале Галев , Јадранка Дабовиќ Анастасовска Облигационо Право;; (2008) год

5. Д-р Милан Недков , д-р Тито Беличанец, д-р Елена Градишки-Лазаревска, Правен факултет, "Јустинијан Први", Право на друштва Скопје, 2009 година

6. Гордан Калајџиев,Гордана Лажетиќ,Лидија Неделкова , Маја Денковска, Мери Тромбева ,Тодор Витларов , Паблина Јанкуловска Дељо Кадиев ;Коментар на Кривичниот Законик (2018) година

7. Ѓорѓи Марјановиќ Македонско кривично право (1998) год

8. Иво Пухан-Коментар на Законот за облигационите односи (1978) год

9. Никола Тупанчевски Кривичен законик –коментар (2020) год

10. Јоханес Веселе Ворнер Бојкле Кривично право општ дел (2010);

11. Тодор Витларов Кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ во судската практика;(2020) год

12. Стојанович З. Бојкле Закон за кривичната постапка (2009);

13. Стефан Буџаковски Казнено право општ дел (2014);

14. Стеван Буџаковски Казнено процесно право; (2008) год

15. Зоран Димитриевски, Радмила Драгичевиќ-Дичиќ, Џанфранко Гало, Мајкл Г.Карнавас , Ружица Николовска , Гордан Калајџиев , Денис Пајиќ Двојба во корист на обвинетиот виновен надвор од разумно двоумење (2016) година,

16. Мајкл Г.Карнавас Докази и приговори домашни и меѓународни стандарди (2016)

17. Гордан Калајџиев, Беса Арифи, Александар Маршавелски , Андреј Божиновски.Незаконитите докази во казнената постапка –Правна Анализа (2018)

18. Dragan Jovasevic, Tarik Hasimbegovic Beograd Institut za kriminoloska i sociloska istrazivanja,,Zloupotreba sluzbenog polozaja,, (2002),

19.,,Zloupotreba sluzbenog polozaja i korupcije,, Dragan Jovasevic, (2005),,

20. Dragan Jovasevic, (2008) Marina Gajic-Glamoclija-Beograd Hartije od vrednost pojam i zloupotreba (2008)

21. Dragan Jovasevic,,,Zloupotreba sluzbenog polozaja u lokalnoj samoupravi,, (2008) politicka revija

22. Dragan Jovasevic, ,,Zloupotreba sluzbenog polozaja,, (2012) Beograd

23. Dragan Jovasevic,,,Zloupotreba sluzbenog polozaja opste krivicne delo korupcije,, (2019)

24.,,Odgovornost pravnih lica u krivicnom pravo,, Bosne Hercegovine Dragan Jovasevic, (2006)

25. Dragan Jovasevic, Borislav Petrovic Nis,,Krivicna odgovornost pravnih lica u sovremenom krivicnom pravo,, (2007)

26. Dragan Jovasevic,,,Rasprava o krivicnoj odgovornosti pravnih lica vo sovremenov pravo,, (2008)

27. Dragan Jovasevic, Ljubinko Mitrovic Odgovornost pravnih lica u krivicnom pravo Bosne i Hercegovine (2010)

28. Dragan Jovasevic,,,Kriminalitet pravnih lica i drzavne reakcije,, (2011)

29.,,Krivicne sankcije za pravna lica u pravo Republike Makedonije,, 2015)

30. Dragan Jovasevic, Marina M. Simovic Vladimir M.Ssimovic (,,Krivicne sankcije-sredstvo kontrole kriminaliteta pravnih lica,, Dragan Jovasevic, (2016)

Преглед на закони – домашна легислатива:

1.Закон за кривичната постапка објавен во Сл.Весник на Р.С.М 150/2010, 100/12,142/2016 193/2016 198/2018 ;

2.Кривичен Законик објавен во Сл.Весник на Р.С.М 150/2010, 100/12, 142/2016 , 193/2016 198/2018 ;

3.Законот за јавното обвинителство објавен во Сл.Весник на Р.С.М под број 42/2020

4.Закон за облигациони односи објавен во Сл.Весник на Р.С.М 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 ,23/2013, 123/2013 ;

5.Закон за трговските друштва објавен во Сл.Весник на Р.С.М под број 28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009, 42/2010, 48/2010, 8/2011, 21/20111, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/20104, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 217/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016,64/2018, 120/2018, 195/2018, 239/2018,79/2020 ,123/2020, 290/2020 ;

6.Закон за даночната постапка објавен во Службен Весник на РСМ под број 13/2006, 88/2008,159/2008,105/09, 133/09 ,171/2010 53,11,39/12, 84/12,187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/2015, 23/2016, 35/2018, 275/2019 и 290/2020

7.Закон за организација и работа на органите на државната управа објавен во Службен Весник на РСМ под број 58/2000; 44/2002; 13/2006; 82/2008; 167/2010; 36/2011; 51/2011; 96/2019; 110/2019; 154/2019,

8.Закон за административни службеници објавен во Службен Весник на РСМ под број 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018; 275/2019; 14/2020) ;

9.Закон за Јавните Претпријатија објавен во Службен Весник на РСМ под број 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; 275/2019)

10.Закон за организација и работа на органите на државната управа објавен во Службен Весник на РМ под број 58/2000; 44/2002; 82/2008; 167/2010; 51/2011 ;

11.Закон за државните службеници објавен во Службен Весник на Р.М 59/2000,112/2000, 34/2001, 103/2001 , 43/2001, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 6/2009, 114/2009, 35/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012, 15/13, 82/2013 и 106/2013 ;

12.Закон за полиција објавен во Службен Весник на Р.М под број 114/2006, 148/2008, 6/2009, 92/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 120/2016, 21/2018, 64/2018 ;

13.Закон за ратификација на казненоправната конвенција против корупцијата објавен во Службен Весник на Р.М под број 32/1999 ;

14.Закон за ратификација на цивилноправната конвенција за спречување на корупцијата објавен во Службен Весник на Р.М под број 13/2002 ;

15.Закон за ратификација на Конвенцијата на ООН за спречување на корупцијата објавен во Службен Весник на Р.М под број 37/2007 ;

16.Закон за спречување на корупцијата објавен во Службен Весник на Р.М под број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010,

17.Препораки на GRECO под реден број 5 ;

-Закон за класифицирани податоци објавен во Службен Весник на Р.М 9/2004, 113/2007, 145/2010 и 80/2012

18.Устав на Република С.Македонија;

Преглед на закони од други држави:

1.Кривичен законик на Република Србија објавен во Службениот Весник на Република Србија под број 85/2005, 107/2005,72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013, 108/2014, 94/2016, 35/2019;

2.Казнени закон на Република Хрватска објавен во Службениот Весник на Република Хрватска под број 125/2011,144/2012,56/2015,61/2015, 101/2017, 118/2018, 126/2019;

3.Кривичен законик на Федерацијата Босна и Херцеговина објавен во Службениот Весник Федерацијата Босна и Херцеговина под број 36/2003, 21/2004, 69/2004, 18/2005,42/2010, 42/2011, 59/2014, 76/2014, 46/2016, 75/2017 ;

4.Кривичен Законик на Република Српска објавен во Службениот Весник на Република Српска под број 64/20147 и 104/2018 ;

<u>Извори за практични примери :</u>

-Кривична Пријава КО.бр.289/16, КО.бр.308/17 на ОЈО Велес;

-Кривична Пријава КО.бр.225/17 на ОЈО Велес;

-Кривична Пријава КО.бр.2596/18 на ОЈО Скопје ;

-Кр.Пријава КО.бр.78/18 на ОЈО Велес;

-Кр.Пријава КО.бр.146/15 на ОЈО Велес

-Интернет извори:

1. https://www.pravdiko.mk/posleditsi-pri-zloupotreba-na-sluzhbenata-dolzhnost/

2. https://www.pravdiko.mk/mvr-krivichna-prijava-protiv-11-litsa-za-zloupotreba-na-sluzhbena-polozhba-i-ovlastuvane/

3. https://akademik.mk/mvr-krivichna-prijava-za-zloupotreba-na-sluzhbena-polozhba-i-ovlastuvane/

4. https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/praven-rechnik-poimnik-za-novinari-mkd-1.pdf

5. https://mvr.gov.mk/vest/14449

6. http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/asstip/da7c7100-c83a-474a-9b51-9882baf6b81c/Bilten+br.+10++za+web.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=ROOTWORKSPACE.Z18_L8CC1J41L088F0A1K8MT8K0G75-da7c7100-c83a-474a-9b51-9882baf6b81c-lgq4lfw

7.https://makfax.com.mk/crnahronika/%D0%BD%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0% B8%D0%BB%D0%B5%D0%BF%D1%87%D0%B0%D0%BD%D0%B5%D1%86-%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D0%B0%D0%BB-%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B5/

8. https://frontline.mk/2021/01/26/podnesena-krivichna-pri-ava-protiv-poraneshen-gradonachalnik-na-prilep-mar-an-risteski-i-drugi-devet-fizichki-i-dve-pravni-lica-za-falsifikuva-e-zloupotreba-i-lazhni-dokazi/

9. https://bib.irb.hr/datoteka/828516.828516.Aleksandar-Marsavelski_____.pdf

10. https://rm.coe.int/16806c99ac

11. https://www.nkrm.org.mk/dokumenti/notarius/42_135538531.pdf

12. https://www.bib.irb.hr/373179

13. http://jakov.kpu.edu.rs/bitstream/id/2455/315.pdf

14.https://www.analitika.ba/sites/default/files/publikacije/Krivicno%20djelo%20zlou potrebe%20polozaja%20ili%20ovlasti%20-%20osvrt%20FINAL.pdf

Изработил: Сутинов Грозданчо